| 11. | Paper with original scientific/professional results, published in proceedings of papers from scientific/professional conference with international editorial board,<br><br>F. Mojsovski, „Field tests of mixed-flow rice dryer“, Proceedings of the 17th Symposium on Thermal Science and Engineering of Serbia, (Sokobanja, Serbia, 2015) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Paper with original scientific results, published in referent scientific/professional journal with international editorial board,<br><br>F. Mojsovski, „Entering air state influence on thermal performance of hyperbolic cooling tower“, Acta Technica Corviniensis-Bulletin of Engineering, Tome IX [2016], Fascicule 1 [January-March], Global Impact Factor 2015 (GIF): 0,654, ISSN Online: 2067-3809 | 6,654 |
| | **Total** | **59,974** |

**PROFESSIONALLY-APPLICABLE ACTIVITY**

| Ordinal number | Activity: | Points |
|---|---|---|
| 1. | Expert activities:<br><br>Participation in project “Examining motor vehicles”, for conducted work “Professional opinion for installed aggregates and constructions of motor vehicles and professional opinion for technical characteristics of motor and trailer vehicles in the process of examining motor vehicles”, Project leader: Prof. Milan Kjosevski, PhD, Faculty of Mechanical Engineering-Skopje, December 2011 | 1 |
| 2. | Expert activities:<br><br>Participation in project “Approval of vehicles” , for conducted work “Professional opinion for documentation and technical characteristics of vehicles in the procedure of approval of vehicles”, Project leader: Prof. Milan Kjosevski, PhD, Faculty of Mechanical Engineering-Skopje, January 2012 | 1 |
| 3. | Main project-participant/co-worker:<br><br>A. Tomovski, F. Mojsovski, Main project for heating of residential building in Skopje, Technical number 0103/2012, Skopje, March 2012 | 2 |
| 4. | Main project-participant/co-worker:<br><br>A. Tomovski, F. Mojsovski, Main project for commercial-residential building “REM Centar”-Tetovo, Commercial area, | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Phase: Mechanical engineering, Technical number 1302-2010/k1, Skopje, December 2013 | |
| 5. | Main project-participant/co-worker:<br><br>A. Tomovski, F. Mojsovski, Main project of system for dust removal of facility for crushing and separating of ferroalloy, Phase: Mechanical engineering, Technical number 0505/2014, Skopje, May 2014 | 2 |
| 6. | Expert activities:<br><br>D. Tashevski, F. Mojsovski, Technical report of the conducted calculations for fire resistance of fire safety one-wing door "1PPV-30" with fire resistance of 30 minutes for Metaltehna DOO, no. 10-1037/2, Skopje, May 2015 | 1 |
| 7. | Expert activities:<br><br>D. Tashevski, F. Mojsovski, Technical report of the conducted calculations for fire resistance of fire safety and acoustic one-wing door "MPPA-60/34" with fire resistance of 60 min and acoustics of 34 db for TPP Milson DOOEL, no. 10-1393/6, Skopje, June 2015 | 1 |
| 8. | Expert activities:<br><br>D. Tashevski, F. Mojsovski, Technical report of the conducted calculations for fire resistance of fire safety and acoustic one-wing door "MPPA-30/32" with fire resistance of 30 min and acoustics of 32 db for TPP Milson DOOEL, no. 10-1393/4, Skopje, June 2015 | 1 |
| **Activities of wider interest** | | |
| 1. | Editor of proceedings of papers from scientific/professional conference,<br><br>Proceedings of papers "MSTE '13" | 1 |
| 2. | Member of organizing or programme committee of scientific/professional conference,<br><br>Member of the organizing committee of the Macedonian society of thermal engineers meeting 2013 | 0,5 |
| 3. | Study stay abroad - up to 3 months:<br><br>University of Ljubljana, Faculty of Mechanical Engineering, Ljubljana, Slovenia (12.07.-10.08.2013) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Study stay abroad - up to 3 months:<br><br>University of Ljubljana, Faculty of Mechanical Engineering, Ljubljana, Slovenia (19.05.-31.05.2014) | 0,5 |
| 5. | Study stay abroad - up to 3 months:<br><br>University of Ljubljana, Faculty of Mechanical Engineering, Ljubljana, Slovenia (24.05.-30.05.2015) | 0,5 |
| | **Total** | **14** |

| PROFESSIONAL REFERENCES OF THE CANDIDATE FOR ELECTION IN SCIENTIFIC TITLE | Points |
|---|---|
| **TEACHING-EDUCATIONAL ACTIVITY** | 60,868 |
| **SCIENCE-RESEARCH ACTIVITY** | 59,974 |
| **PROFESSIONALLY-APPLICABLE ACTIVITY** | 14 |
| **Total** | **134,842** |

REVIEW BOARD

7. **Prof. Marko Serafimov, PhD**

8. **Prof. Slave Armenski, PhD**

9. **Prof. Alojz Poredoš, PhD**

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРИМАРНИТЕ АНТЕРИОРНИ ХИПОСПАДИИ ПО МЕТОДИТЕ НА SNODGRASS И MATHIEU“ ОД АС. Д-Р ВЛАДИМИР ЧАДИКОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на **својата XVII редовна седница одржана на 30.6.2016 година, со Одлука бр. 0905-2723/18 од 30.6.2016 година**, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Владимир Чадиковски со наслов „Компаративна студија за решавање на примарните антериорни хипоспадии по методите на Snodgrass и Mathieu“, во состав: проф. д-р Перо Петровски (претседател), проф. д-р Ацо Димов (ментор), проф. д-р Миле Петровски (член), проф. д-р Владимир Георгиев (член) и проф. д-р Андреја Арсовски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Владимир Чадиковски, со наслов „Компаративна студија за решавање на примарните антериорни хипоспадии по методите на Snodgrass и Mathieu“, содржи 84 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 52 библиографски единици, меѓу нив научни трудови и книги.

Трудот е структуриран во 11 глави, вклучувајќи ги воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава – вовед** на трудот, кандидатот ја дефинира хипоспадијата како ентитет. Потоа се осврнува на класификациите на хипоспадиите, посочувајќи

ја најчесто применуваната класификација. Во понатамошниот текст на воведот ја дава инциденцата на хипоспадиите, етиолошките фактори и асоцираноста со други аномалии.

Во **втората глава** е даден историјатот на оваа аномалија, односно пристапот и начинот на лекувањето на хипоспадијата во периодот од пред новата ера до денес. Во понатамошниот текст, кандидатот опишува повеќе методи за хируршко решавање на хипоспадиите, констатирајќи дека ниту еден детски хирург или детски уролог неможе да истапи со оригинална метода која не содржи делови од техниките користени во минатото. Во последно време подобрите резултати се должат на подобриот сутурен материјал и катетери, користењето на лупи и модерната анестезиологија.

Во **третата глава,** кандидатот детално ги наведува основните анатомски и морфолошки карактеристики на пенисот, прикажувајќи ја неговата артериска васкуларизација, венска дренажа и инервација. Во текстот се наведени три графички слики со кои експлицитно се претставени соодветните анатомски карактеристики на пенисот.

Во **четвртата глава,** опишана е ембрилогијата во која преку три слики е прикажан нормалниот ембрионален развој на пенисот. Во првата слика е објаснето формирањето на надворешните гениталии што го прикажуваат изгледот на гениталниот неутрален стадиум од 4. до 8. гестациска недела. На втората слика е претставено формирање на надворешните гениталии со напречни пресеци на пенисот во развиток од 11.,12. и 14.гестациска недела. На третата слика се дадени стадиумите на формирање на надворешните гениталии во 9., 11. и 12. недела.

Во **петтата глава** кандидатот се осврнува на етиолошките фактори. Етиологијата кај хипоспадиите е објасната како мултифакторијална, но во најголем број на случаи непозната. Етиолошки причини за појава на хипоспадија како вродена аномалија на уретрата се поделени на: генетски, еднокрини, надворешни и асоцирани. Неколку гени се инволвирани во половата детерминација и различно реагираат на нивото на фалусниот развој, нивото на тестикуларен развој кои реагираат веднаш пред диференцијацијата од гонади во тестис и мутација на гените кои индицираат тестикуларна дисгенезија која води по полова диференцијација, вклучувајќи и формирање на хипоспадија. Тука се напомените и нивото на биосинтезата на андрогените и нивото на

андрогената активност. Намаленото ниво на ендокрините се опишани како постоечки фактор за настанување на хипоспадија. Надворешните фактори (естроген) е докажано дека предизвикуваат конгенитални малформации како и асоцираноста на аномалиите повразни со хипоспадиите.

Во **шестата глава** дава осврт на класификацијата на хипоспадиите. Кандидатот наведува голем број на класификации во однос на поставеноста на меатусот на уртерата каде во текот на историјата се појавуваат поголем број на класификации и тоа по Smith (1938) поделени на прв, втор и трет степен; по Schaefer (1950) на гландијални, пенилни и перинеални. Avellan ги поделил на гладијални, пенилни, пеноперинеални, перинеална и перинеална без булбус. Според класификација по Duckett (1966) хипоспадиите се поделени на предна, средна и задна, а Hadidi (2004) ги поделил на гландијални, дистални и проксимални. Во докторската теза кандидатот ја користи класификацијата по Duckett (1987),според која се делат на антериорни, средни и постериорни

Во **седмата глава**, кандидатот ги наведува материјалите и методите на докторската теза каде што е обработен материјалот од извршените операции на Универзитетската клиника за детска хирургија во периодот од 1999 до 2013 година. Примерокот се состои од 150 случајно избрани случаи на оперативни техники од двете техники, односно вкупно 300 операции (примарна операција). Од техниката Mathie евидентирани се вкупно 242 случаи во наведените години, додека од техниката Snodgrass се евидентирани вкупно 197 случаи.

Во истражувањето на кандидатот се вклучени 300 пациенти со антериорни хипоспадии, и тоа 150 оперирани по техниката на Snodgrass (група I) и 150 оперирани по техниката на Mathieu (група II). Возраста на пациентите се движи од 1,5 години до 10 години. Направени се рутинските иследувања, како што се: крвна слика, уринарен статус и ехотомографија на уринарни патишта. Сите пациенти кои ги обработил кандидатот се оперирани во општа анестезија. Како деривациона

процедура бил користен Foley-ев катетер, а кај некои перкутана цистостома.

Во **осмата глава** од докторската дисертација, опишани и споредувани се оперативните техники. Претставени се 4 графички обработени слики во кои сликовито се претставени оперативните техники. Во ова поглавје, кандидатот поставил оригинални фотографии од двете оперативните техники извршени на Универзитетската клиника за детска хирургија.

Во **деветтата глава** кандидатот ги обработува добиените резултати. За оваа ретроспективна студија кандидатот користел податоци од децата оперирани во ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија, во периодот од 1997 до 2013 година. Бидејќи во студијата кандидатот споредил две хируршки техники за решавање на антериорни хипоспадии, оперираните деца ги поделил во две групи.

Првата секција е основна анализа која се однесува на примарна операција (првпат оперирани деца), додека дополнителната анализа е втората секција и се однесува на повторните операции (компликации) односно втора операција кај истите деца. Најпрвин е даден описот на примерокот за основната анализа, а потоа и резултатите за основната анализа.

Податоците кандидатот ги прибирал од достапните анамнези за пациентите од kлиниката за детска хирургија. Присобирањето на податоците се водело сметка да се добијат сите достапни податоци. Податоците се внесувани во програмата Excel, а потоа се префрлани во програмата SPSS (Statistical Package for Social Sciences) верзија 22, со која што е правена анализата.

Анализата е правена преку вадење на проценти, вкрстување на податоци и Т-тест. За секоја одмерените појави најпрвин е вадена процентуална застапеност, а потоа и вкрстување со важните критериуми за секоја од мерените појави. Како важен критериум потенциран е типот на примарната операцијата (Mathie наспроти Snodgrass) и типот на секундарната операција (Mathie наспроти Snodgrass). За да се тестираат

разлките помеѓу наведените важни критериуми бил користен Т-тест како статистичка постапка. Со Т-тестот, просечните вредности се споредувани на секоја од појавите за критериумот операција (Mathie наспроти Snodgrass).

Во **десеттата глава** кандидатот ја дава дискусијата за докторската теза. По објаснувањето на основните начела, во третманот кандидатот во дискусијата прави поделба на докторската теза и тоа на предоперативна евалуација каде што ги опишува сите принципи на подготовка на децата пред интервенција запазувајќи ги основните начела и протоколи. Второ, можноста за хормонска стимулација и примената и користењето на βHCG, тестостерон или дихидротестостерон кој е индициран кај пациенти со мал пенис или кај повторена хируршка интервенција. Хормонската стимулација значајно ја зголемува должината на пенисот, ја зголемува васкуларизацијата и масата на corpus spongiosum. Трето, кандидатот посветува внимание на оптичката магнификација како еден од клучните алатки во решавањето на хипоспадиите посебно кај помалите деца. Четврто кандидатот ја опишува анестезијата која, по правило, кај оваа патологија, често екомбинирана со каудална или локална пенилна анестезија. Иследуваните медицински докази покажале зголемено траење на аналгезијата со каудален бупивакаин, клонидин, кетамин и мидазолам. Видовите на конци, составот на конците и техниката на шиење можат да бидат значаен фактор за исходот на оперативниот третман на хипоспадиите. Долго ресорбирачки конци можат да бидат причина за фистули. Користењето на стентови и менување на текот на урината е сеуште тема на дискусија. Во голема мултицентрична студија ретроградна студија на корекцијата по Mathieu (Mathieu's repair) не е забележана разлика во честотата на фистули кај корекции со или без стент и ниеден пациент, дури ни со каудална анестезија немал постоперативно ретенција на урина.[35] Кај друга група е изведена корекција без стент со модификација по Снодграс (Snodgrass modification).[36] Според друга група на автори, постоеле значајни разлики помеѓу стентирани и нестентирани пациенти, додека друга група тврди дека не постои разлика во исходот. Кандидатот насочува дека хирурзите

кои третираат хипоспоадии имаат различни гледишта за постоперативните преврски; некои се со став дека не се потребни специфични преврски, додека други користат различни иновативни методи. Прекривањето со здраво васкуларизирано ткиво на неоуретрата или со ткивен графт, кандидатот потенцира дека дефинитивно помага во вкупниот хируршки успех. Колку што е полош квалитетот на ткивото, толку е поголема потребата да се обезбеди здраво васкуларизирано ткиво за да се зголемат шансите за успех. Кандидатот потенцира дека различни здрави и добро васкуларизирани ткива коишто се користат се: дартос флеп, туника вагиналис, внатрешна кожа од препуциум и раширен корпус спонгиозум. За кандидатот  важни точки на кои треба да се внимава во постоперативниот период се преврски, грижа за катетерот, аналгезија и антибиотици. Вообичаен протокол за следење предвидува следење 2 години по хируршкиот третман, при што се очекува дека во овој период би се јавиле потенцијалните очекувани компликации, додека подолг период на следење нема ефективност. Секој пациент со компликации по овој период ќе биде автоматски презентиран на хирургот. Раното испуштање од болница е оправдано врз база на тоа што се смета дека на тој начин пациентот побрзо ќе ја заборави својата генитална абнормалност и самата операција. На крај во десеттата глава кандидатот ја споредува *средната возраст* на пациентите оперирани по оперативната техника по Snodgrassкојашто кај кандидатот изнесува 5,32 +- 3,58 години, а по Mathieu изнесува 6,17+-3,77 години, споредено со R.Hamid et al. серијата која изнесува 6,3 +- 3,3 години за Snodgrass и 5,9+- 3,1 години за Mathieu и  оперативна серија изработена  од M. Morandi et al,којашто изнесува по Snodgrass 6,88 +- 2,16 години и 7,26 +- 3,01 години по Mathieu.

*Средното оперативно време* во серијата на кандидатот изнесува 98,67+-29,77 минути заSnodgrass оперативна техника и 95,05+-31,21 минути заMathieu оперативната техника. Понатаму кандодатот ова средно време на операција  го споредува со средните времиња на серии од  други автори, како што е средното време на операција во серијата на Osvald et al., каде изнесува 75 +- 22,03 минути  за Snodgrass и 115 +- 13,04 минути за Mathieu , Guo et al.  106 +- 31,02 минути за Snodgrass и 94+-

22,04 минути по Mathieu, Chatterjee et al. 110+-19,08 минути по Snodgrass и 80 +- 11,07 минути по Mathieu и R.Hamid et al. 63,7+-1,3 минути по Snodgrass и 95,0+-19,1 минути по Mathieu. *Деновите на хоспитализација* во серијата накандидатот изнесуваат 9,85+- 3,33 денови по Snodgrass и 13,33+-5,45 деновипо Mathieu. Споредено со Imamoglu et al. изнесува 7,5 дена по Snodgrassи 5,7 дена по извршени интервенции по Mathieu, Guo et al. 4,5 дена хоспитализација по оперативна техника по Snodgrass и 3,9 дена по Mathieu, Chatterjee et al. 2,5 дена по Snodgrass и 3,0 дена по Mathieuоперативна техника и R.Hamid et al. 15,4 дена по Snodgrass оперативна техника и 14,8 дена по Mathieu.

*Компликациите в*о групата оперирани по Snodgrass (n=167) кај кандидатот се 17 (10,02%) случаи од кои стеноза на уретрата кај 13 (7,8%) пациенти, фистула кај 3 пациенти (1,8%), дехисценција кај 1 пациент (0,6%), компликации нема кај 150 пациенти (89,8%). *Компликации* во групата оперирани по Mathieu ( n=174) се најдени кај 24 (13,8%) пациенти од кои стеноза на уретра 5 (2,9%), фистула кај 19 пациенти ( 10,9%). Компликации нема кај 150 пациенти( 86,2%). Споредено со Anwar-ul-Haq et al. испитани се 45 пациенти оперирани со Snodgrass и 45 пациенти со Mathieu. Во групата по оперирани по Snodgrass пациенти со фистула биле 3 пациенти (3,3%) , стеноза е забележана кај 5 пациенти ( 5%) и дехисценција кај 1 пациент (1,1%). Во групата оперирана по Mathieu пациенти со фистула биле 7 пациенти (7,7%) , стеноза е забележана кај 5 пациенти( 5%) и дехисценција кај 1 пациент (1,1%). Споредено со Radi Alsharbaini et al. испитани се 320 пациенти и тоа во групата оперирирани со Snodgrass 205 пациенти и 115 по Mathieu. Во групата оперирани по Snodgrass фистула имале 2 пациенти (0,98%),стеноза кај 3 пациенти (1,98%) и дехисценција кај 3 пациенти (1,5%). Во групата оперирани по Mathieu фистула имало кај 8 пациенти (2,5%), стеноза кај 10 пациенти (3,5%) и дехисценција кај 5 пациенти (1,6%). Споредено со Raashid Hamid et al. испитани се 100 пациенти и тоа во групата оперирани со Snodgrass 52 пациенти,а по Mathieu се оперирани 48 пациенти. Во групата оперирани по Snodgrass фистула имаат 3 пациенти (5,76%), стеноза има кај 3 пациент (5,76%) и дехисценција кај 3 пациенти (5,76%). Во групата

оперирани по Mathieu фистула имаат 6 пациенти (12,5%), стеноза кај 4 пациенти (8,33%) и дехисценција кај 4 пациенти (8,33%).

Во последната **единаесетата глава** се дадени заклучоците на кандидатот врз основа на спроведената анализа и обработената серија на 300 деца со антериорни хипоспадии, кои биле третирани на Клиниката за детска хирургија, во периодот од 1999 до 2013 год., поделени на соодветни две групи, кои се дадени во поглавјето клинички материјал, а врз основа на поставените цели на овој дисертационен труд, презентирани се следниве заклучоци:

Со докторската студија се потврдува хипотезата дека уретропластиката по Snodgrass (Tubularized incised plate urethroplasty) е посупериорна и поприфатлива за конструкција на новата уретра кај антериорните хипоспадии од техниката на Mathieu (Meatal-based flap technique). Добиените резултати од истражувањето ја потврдија хипотезата дека хируршката техника по Snodgrass е метода на избор во третманот на антериорните хипоспадија.

Овој факт кандидатот го поткрепува со наредниве заклучоци:

Поголемиот дел од децата до 5 години се оперирани со техниката Snoddgrass, додека поголем број од децата над 5 години се оперирани со техниката Mathieu. Трендот на оперативното решавање на предните хипоспадии по Snodgrass техниката е во постојан раст во последните години, додека за Mathieu операциите трендот е спротивен, односно опаѓачки.Најголем број од Snodgrass операциите траеле од 61 до 120 минути, додека пак најголемиот дел од операциите Mathieu траеле 61-90 минути. Кај Snodgrass операциите времетраењето на терапијата било до 7 дена, додека, пак, најголемиот дел од операциите Mathieu траеле 8-14 дена. Ова покажува дека Snodgrass операциите имаат помало времетраење на терапијата.

Генерално,Snodgrass операциите имаат помалку денови на хоспитализација од операциите Mathieu,односно резултатите се во корист

на Snodgrass. Поголем процент од операциите со техниката Mathieu користат cystostoma, додека пак поголем дел од Snodgrass користат Follye. Кај операциите по Mathieu има повеќе случаи на компликации, односно 14 % спореденосо 10 % на компликации кај Snodgrass. Освен тоа, кај реоперациите по Mathieu кај 19 деца или 10,9% се детектирани фистули, а стенози се забележани кај 5 пациенти (2,9%).Кај реоперациите по Snodgrass има повеќе стенози на надворешниот отвор на уретрата вкупно 13 (7,78%), фистули има кај 3 пациенти (1,8%) и еден случајна дехисценција (0,6%). Snodgrass реоперациите се пократки, односно најголемиот процент траеле до 60 минути, додека, пак, најголемиот дел од реоперациите Mathieu траел 91-120 минути.Генерално,Snodgrass реоперациите имаат пократко времетраење на терапијата, односно најчесто траела до 7 дена, додека, пак, најголемиот дел од операциите Mathieu траеле од 8 до 14 дена.

Хоспитализацијата кај Snodgrass постоперациите најчесто траеле од 1 до 7 дена односно се гледа дека има помалку денови на хоспитализација од операциите Mathieu, каде што деновите на хоспитализација се од 8 до 21 ден. Деновите на користење катетер се помалку кај Snodgrass реоперациите споредено со Mathieu реоперациите. Најголемиот дел од пациентите оперирани со Mathieu постоперациите користат катетер од 8 до 14 дена, додека, пак, најголем дел од пациентите со Snodgrass постоперациите го користат катетерот до 7 дена. Може да се заклучи дека скоро сите просечни мерки за Snodgrass постоперациите генерално земено имаат помали вредности од Mathieu постоперациите освен возраста.

Кај 32 деца се реоперираниpo Snodgrass техниката, додека само 9 по Mathieu техниката.Од реоперираните по Snodgrass техниката,18 се со стеноза (56,3%) , 13 со фистули (40,6%) и 1 дехисценција (3,1%) , само 9 фистули по Mathieu.

Кај 41 дете со компликации, оперирани и реоперирани по Mathieu се 9 пациенти со фистула.Примарно оперирани по Mathieu, а реоперирани со Snodgrass се 15 пациенти и тоа 5 состено за (33,3%), 10 фистули (66,7%).Примарно оперирани со Snodgrass и повторно реоперирани со

Snodgrass се 17 пациенти и тоа 13 стенози (76,5%), 3 фистули (17,6%) и една дехисценција (5,9%). Естетскиот изглед на пенисот ги исполнува сите критериуми при решавање на антериорните хипоспадии третирани по Snodgrass и претставува метода на избор, но во случаите кога немаме квалитетна уретрална плоча се препорачува повеќе оперативната техника по Mathieu.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Владимир Чадиковски, со наслов „ КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРИМАРНИТЕ АНТЕРИОРНИ ХИПОСПАДИИ ПО МЕТОДИТЕ НА SNODGRASS И MATHIEU“, претставува интердисциплинарно истражување во областа на детската хирургија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација се очекува да ги постигне горе наведените цели и да даде значаен научен придонес во разбирањето наовој ентитет.

Докторската дисертација на кандидатот ас.д-р Владимир Чадиковски, со наслов „КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРИМАРНИТЕ АНТЕРИОРНИ ХИПОСПАДИИ ПО МЕТОДИТЕ НА SNODGRASS И MATHIEU“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автори: Чадиковски Владимир, Димов Ацо, Тодоровиќ Лазар, Сименонов Ристо и Петровски Миле „Repair of primary anterior hypospadias using Snodgrass procedure“, објавен во: Journal of Macedonian Association of Physiologist and Anthropologist - Physioacta, 9(2): 87-94, 2015.

[2]. Автори: Чадиковски Владимир, Димов Ацо, Тодоровиќ Лазар, Сименонов Ристо, Ефтимов Љупчо и Петровски Миле. „Retrospective comparative study of primary anterior hypospadias repair using Snodgrass and Mathieu methods“,

објавен во: Acta Morphologica , International Journal of Macedonian Association of Anatomists and Morphologists, 12(2): 75-79, 2015.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот ас.

д-р Владимир Чадиковски, со наслов „КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРИМАРНИТЕ АНТЕРИОРНИ ХИПОСПАДИИ ПО МЕТОДИТЕ НА SNODGRASS И MATHIEU“.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Перо Петровски, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Ацо Димов**, ментор, с.р.

**Проф. д-р Миле Петровски**, член, с.р.

**Проф. д-р Владимир Георгиев**, член, с.р.

**Проф. д-р Андреја Арсовски**, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,БАКТЕРИСКИ БИОФИЛМ-ФАКТОР ЗА ПОЈАВА НА РЕКУРЕНТНИ УРИНАРНИ ИНФЕКЦИИ; ОД Д-Р ЛИЛЈАНА ЛАБАЧЕВСКА-ЃАТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ, ВО СКОПЈЕ.**

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на XVII редовна седница, одржана на 30.6.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската
дисертација на кандидатката д-р Лилјана Лабачевска-Ѓатовска, со наслов **„Бактериски биофилм-фактор за појава на рекурентни уринарни инфекции“**, во состав: проф. д-р Милена Петровска (претседател), проф. д-р Никола Пановски (ментор), проф.д-р Оливера Стојчева-Танева (член), проф.д-р Гордана Јанкоска (член) и проф.д-р Васо Талески (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува
следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Доставената докторска дисертација на кандидатката д-р Лилјана Лабачевска-Ѓатовска, со наслов „Бактериски биофилм-фактор за појава на рекурентни уринарни инфекции“, содржи 115 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со единечен проред и големина на букви 12, со 242 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународни акти и интернет-ресурси. Трудот е структуриран во 8 глави, меѓу кои вовед, цели, материјал, методи, резултати, дискусија, заклучни согледувања и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава на докторската дисертација е насловена „Вовед“ и во неа се изложени предметот на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања и теоретската рамка. Кандидатката подвојува две целини во воведот: уринарни инфекции и биофилм.

Во првата подвоена целина дадена е дефиницијата на уринарните инфекции, нивната класификација, етиологија, патогенеза, епидемиологија, компликации и третман. Посебно се дефинира што се тоа рекурентни уринарни инфекции и сигнификантното влијание на катетерите, стентовите и сфинктерите врз зголемувањето на ризикот од појава на рекурентни или хронични инфекции на уринарниот тракт. Кандидатката потенцира дека постојат поделени ставови во однос на природата на рекурентноста на овие инфекции. Имено, постарите студии сметаат дака тие се реинфекција со нов сој, а поновите укажуваат на тоа дека реинфекцијата се должи на релапс со ист сој со голема способност за создавање на биофилм.

Во втората подвоена целина опишан е биофилмот како структурна групација на бактериски клетки, атхерирани врз инертна или жива површина, заробени во полимерен
матрикс кој го продуцираат самите бактерии. Нагласено е дека секој биофилм по природа е уникатен, но се одликува со заеднички карактеристики. Се објаснува големото значење на биофилмот за животот на микроорганизмите и разликите помеѓу плактонските микроорганизми и оние од биофилмот, пред сѐ во

експресијата на гените, способноста за интерклеточна комуникација и резистенцијата кон антибиотици. Сите овие особини се значително почести кај бактериите сместени во биофилмот. Во продолжение се истакнува медицинското значење на биофилмот создаден на биомедицински имланти, како и врз одредени анатомски локации кај човекот, што може да биде причина за хронични и рекурентни инфекции: простатит, цистична фиброза, ендокардит, инфекции на рани, уринарни инфекции и други. На крајот се прикажани најсовремените методи за
антимикробен третман на биофилмот, пред се во смисла на превенција на неговото создавање.

Втората глава ги анализира целите на трудот. Поставени се четири цели, преку кои е испитувана поврзаноста на биофилмот со: рекурентноста на уринарните инфекции (1); видот и типот на уропатогената бактерија (2); резистенцијата на бактериите кон антибиотици на биофилм-продуцирачки и непродуцирачки бактерии (3), резистенцијата кон антибиотици во однос на фенотипската експресија на биофилм (4).

Третата глава го опишува материјалот на испитувањето и е поделена во 4 целини:
бактериски соеви, хранителни подлоги, антибиотици и апаратура. Детално се опишани
постапките за собирање и чување на бактериските соев, како и условите на чување, заедно со сите материјали и опрема, кои се употребувани во работата.

Четвртата глава ги содржи методите кои се користени, со цел да се даде одговор на
прашањата идентификувани како цели на ова истражување. Опишани се сите методи во
детали.

Петтата глава ги прикажува резултатите од испитувањето. Резултатите се прикажани на 38 табели и 10 графикони. Подредени се во делови како што е дефинирано во целите. Анализирано е дали има статистичка сигнификантност и асоцираност на секоја појава. Во секој од поднасловите на оваа глава се дадени резултатите од применетите методи за истражување, со кои кандидатката го дава одговорот на прашањата, дефинирани како цели на студијата.

Шестата глава е наменета на дискусија на добиените резултати. Дискусијата ја
опфаќа анализата на добиените резултати од истражувањето и критичка споредба со досега објавените слични студии, со аргументирани толкувања за причините за утврдените сличности и разлики.

Седмата глава ги опфаќа заклучните согледувања од истражувањето. Кандидатката ги изнесува најзначајните заклучоци добиени во текот на истражувањето.

Во осмата глава се наведени библиографските податоци, прикажани според Ванкуверскиот стил на користење и цитирање на литературата.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување на докторската дисертација е актуелната особина на бактериите да создаваат биофилм, која е фактор за подолготрајно опстојување на бактериите
на местото на инфекцијата и вклучување во процеси на перзистенција во организмот,
хроницитет на инфекциите и тешкотии во спроведувањето на терапијата, со посебен осврт на значењето на способноста на бактериите кои предизвикуваат уринарни инфекции. Во трудот се посебно обработени бактериските соеви кои предизвикуваат повторувани уринарни инфекции и кои предизвикуваат први уринарни инфекции. Способноста за продукција на биофилм кај двете групи

бактериски соеви според потеклото е анализирана во контекст на осетливоста кон антибиотици и споредувана е осетливоста на планктонски (слободни) бактериски клетки и бактериски клетки врзани во биомасата на биофилмот.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Биофилмот е актуелна тема во современата литература, што го потврдуваат големиот број трудови кои се објавени во медицинската литература во последните години. Првите сознанија и испитувања за способноста за атхеренција и создавање на биофилм датираат од пред триесетина, односно дваесеттина години. На територијата на Р. Македонија во изминатите децении се вршени испитувања на уропатогеноста на Escherichia coli, уште во периодот кога не беше наполно потврдено постоењето на посебни уропатогени соеви, преку фенотипско докажување на специфични фактори на патогеност, меѓу кои атхезивноста е најзначајна (докторска дисертација Милена Петровска, 1990 година) а подоцна се потврдувани на молекуларно ниво гените за атхеренција (трудови објавувани во тек на 1995 до 2005 година, заедно со Елена Трајковска Докиќ и други соработници); факторите на патогеност на Escherichia coli и други бактерии од фамилијата Enterobakteriaceae (национален научноистражувачки проект, 1997-2000 година, главен истражувач: Милена Петровска); фактори на патогеност на Pseudomonas aeruginosa со испитување на продукција на слуз и атхезивност (докторска дисертација Каќа Поповска, 1998); дејството на субинхибиторните концентрации на флуорокинолони врз атхезивноста на Escherichia coli врз респираторен епител (докторска дисертација, Марија Јончевска, 2000 година); фактори на патогеност на уринарни патогени бактери од родот Enterococcus, со докажување на гените кои обезбедуваат агрегација (докторска дисертација, Гордана Јанкоска, 2009), поголем број трудови за осетливоста кон антибиотици на уринарни изолати од различни клинички форми на уринарни инфекции.

Но, досега во Р Македонија не е испитувана способноста за продукција на биофилм на уропатогени бактерии и не се користени специфични методи за докажување на
количеството на биофилм. Исто така, не се вршени испитувања на осетливоста на бактериите кои се врзани во биомасата на биофилмот.

**Краток опис на применетите методи**

Собраните бактериски соеви во тек на приближно една година, од вкуп 13 510 испитани уринокултури од амбулантски лекувани пациенти, од кои 6 050 биле позитивни, со 4 251 соеви на Грам-негативи и 938 соеви на Грам-позитивни бактерии, до вкупен број од 400 соеви на Грам негативни бактерии, кои ги задоволувале претходно поставените критериуми (200 соеви од пациенти со рекурентни уринарни инфекции, а 200 соеви од пациенти со првична уринарна инфекција), испитувани се за: 1) способност за продукција на биофилм со скрининг-метода за продукција на слуз, атхерирана на стаклена епрувета; 2) потврдување на способноста за продукција на биофилм со култивирање според методот Tissue culture plate и квантификација на количеството на биофилм (биомасата на биофилмот) со спектрофотометриски семи-квантитативен метод; 3) испитување на осетливоста на соевите кон антибиотици со: доск-дифузиски метод кон 18 антибиотици, за соевите кои се способни да продуцираат слуз за атхеренција; осетливоста на продуцирачи на биофилм („слуз“ продуцирачи) и „слуз” продуцирачи во планктонска форма употребени се: микродилуциски метод за одредување на минималната инхибиторна концентрација (МИК), минималната бактерицидна концентрација (МБК), како и минималната концентрација за ерадикација на биофилм (според англиските термини во трудот означена како минимална биофилм-ерадикациска концентрација –

МБЕК односно MBEC) на два антибиотици, ципрофлоксацин и триметоприм-сулфометоксазол, на одбрана група од 25 соеви, кои покажуваат силен капацитет за продукција на биофилм. За контрола на квалитетот бил вклучен референтниот сој E.coli ATCC 25922, кој е препорачана од NCCLS како биофилм-продуцирачки сој.

На крајот на описот на методите се наведени и образложени тестовите кои се користат за статистичка обработка на податоците.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите се прикажани на 28 страници, на 38 табели и 10 графикони. Подредени се во делови како што е дефинирано во целите. Секоја асоцираност и појава е анализирана дали има статистичка сигнификантност.

Способност за продукција на слуз за атхеренција, според скрининг-методот, покажале 162 соја, од кои 128 од рекурентни и 34 од првични инфекции. Од нив, потврдена е способноста за продукција на биофилм кај 121 сој од групата на рекурентни инфекции и 29 соеви од групата на првични уринарни инфекции. Според квантификацијата на количеството на биомаса во биофилмот добиени се различни проценти на слаба, умерена и силна способност во групите на рекурентни и првични уринарни инфекции, кои се статистички сигнификантно различни (p=0,005).

Според добиените резултати не постои статистички значајна разлика во осетливоста на бактериите од рекурентни и првични уринарни инфекции, кон шеснаесет испитани антибиотици (амоксицилин - клавулонска киселина, питерацилин - тазобактам, имипенем, меропенем, цефиксим, цефтриаксон, цефотаксим, цефтазидим, цефуроксим, цефепим, гентамицин, амикацин, триметоприм – сулфометоксазол, ципрофлоксацин, колистин и нитрофурантоин), а докажана е значајно поголема осетливост на изолатите од првични инфекции само за норфлоксацинот и офлоксацинот. Во споредбата на вредностите на МИК и МБЕК, констатирана е статистички значајна разлика за двата антибиотика (p=0,000) во полза на повисоки вредности на МБЕК во однос на МИК.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Лилјана Лабачевска-Ѓатовска, со наслов „Бактериски биофилм-фактор за појава на рекурентни уринарни инфекции", претставува проспективна, аналитичка, нерандомизирана студија, истражување од областа на медицинската микробиологија на уринарните инфекции и способноста на бактериските предизвикувачи да создаваат биофилм. Оваа докторска дисертација ја испитува поврзаноста на биофилмот со рекурентноста на уринарните инфекции, видот и типот на уропатогената бактерија, резистенцијата кон антибиотици на бактериите кои продуцираат и кои не продуцираат биофилм во однос на фенотипската експресија, со цел да се поткрепи разбирањето на улогата на биофилмот во развитокот и во третманот на уринарните инфекции.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Лилјана Лабачевска-Ѓатовска, со наслов „Бактериски биофилм-фактор за појава на рекурентни уринарни инфекции", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за докторски труд.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила како прв автор, во
меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Labachevska-Gjatovska L, Panovski N. Biofilms as a common cause of recurrent urinary
infections. Physioacta. 2015; 9(1): 87-86.

[2]. Labachevska-Gjatovska L, Panovski N, Kaftandzieva A, Jankoska G. Biofilm formation by
clinical isolates from urinary tract infections and wound infections. Acta Morphologica. 2015;12(1): 62-74.

[3]. Labachevska-Gjatovska L, Panovski N, Jankoska G, Mladenovska S. Biofilms might be
involved in the recurrence of urinary tract infections in outpatients patients. Acta Morphologica. 2016;13(1): 12-18

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатката се: појаснување на улогата на бактериите кои се способни да создаваат биофилм во развитокот на рекурентните уринарни инфекции и осетливоста кон антибиотици на биофилм-продуцирачките бактерии.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: добените резултати се значајни за разбирањето на патогенезата на уринарните инфекции, посебно на повторуваните УИ;
можно е разјаснување на причините за евентуални неуспешни третмани на уринарните
инфекции со антибиотици кон кои е докажана осетливост во in vitro услови, но не е потврдена in vivo.

Можните понатамошни истражувања се: продлабочување на истражувањата за улогата на биофилм-продуцирачките бактерии во патогенезата на други инфекции, на различни локализации; истражувања на полето на меѓуклеточната комуникација на бактериските клетки со способност за создавање на биофилм и начините, односно методите и средствата со кои може да се влијае врз продукцијата на биофил и на меѓуклеточната комуникација.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Лилјана Лабачевска-Ѓатовска, со наслов
„Бактериски биофилм-фактор за појава на рекурентни уринарни инфекции“.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Милена Петровска, претседател с.р.

2. Проф. д-р Никола Пановски, ментор с.р.

3. Проф. д-р Оливера Стојчева Танева, член с.р.

4. Проф. д-р Гордана Јанкоска, член с.р.

5. Проф. д-р Васо Талески, член с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАЦИЈА НА КЛИНИЧКИТЕ ЕФЕКТИ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА РАЗНИ МЕТОДИ НА ПРЕСКРИПЦИЈА НА ИНДИВИДУАЛИЗИРАН ДИЈАЛИЗАТЕН НАТРИУМ КАЈ БОЛНИ НА ХРОНИЧНА ХЕМОДИЈАЛИЗА“ ОД М-Р НАТАША ЕФТИМОВСКА ОТОВИЌ, ВРАБОТЕН ВО ГОБ “8-ми СЕПТЕМВРИ”, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.06.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Ефтимовска Отовиќ со наслов **Компарација на клиничките ефекти при користење на разни методи на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум кај болни на хронична хемодијализа**, во состав: проф. д-р Гоце Спасовски (претседател), проф. д-р Оливера Стојчева Танева (ментор), проф. д-р Петар Дејанов (член), проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член) и проф. д-р Милка Здравковска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Ефтимовска Отовиќ, со наслов „Компарација на клиничките ефекти при користење на разни методи на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум кај болни на хронична хемодијализа“, содржи 119 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 163 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 6 глави: вовед, цели, материјал и методи, резултати, дискусија и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека се уште не е познато на која вредност треба да се постави дијализатниот натриум. Затоа, во светот се правени

иследувања да се пронајде најадекватниот дијализатен натриум и се уште не е донесен консензус за него.

Во Материјали и методи од докторската дисертација јасно е поставено дека истражувањето се одвива во 2 фази. Во првата фаза се иследува кој метод на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум ќе даде најдобри резултати. Во втората фаза се иследуваат краткорочните и долгорочните ефекти на оној модел на дијализатен натриум, кој во првата фаза дал најдобри резултати. Исто така, јасно се опишани методите на прескрипција на дијализатен натриум, апаратурата која се користи во истражувањето и формулите по кои се прават пресметките. Јасно се дефинирани временските рамки за одредени иследувања (лабораториски анализи, ЕКГ, ехокардиографија, антропометриски мерења, процена на субјективното чувство на жед и стапката на функционалност). Во статистички методи јасно се опишани кои статистички анализи и кој статистички програм се користат во истражувањето.

Во Цели јасно и прецизно се дефинирани целите на истражувањето.

Во Резултати се прикажани резултатите, добиени во текот на истражувањето. Јасно е назначено кои се резултатите од првата и втората фаза. Табелите и графиконите се јасно означени. Секој од нив има наслов, потенцирани се резултатите кои се статистички значајни и кој статистички метод е користен во анализата. Исто така, текстуално се објаснети резултатите од табелите и графиконите.

Дискусијата е опширна, со точно означени и цитирани референци од светската литература. Постојано е правено компарација на резултатите од истражувањето со резултатите објавени во светската литература. Исто така, кандидатката дала свое мислење и толкување на добиените резултати.

Во заклучните согледувања, јасно се прикажани кои се заклучоците од истражувањето.

**Предмет на истражување:**

- утврдување кој модел на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум е најпогоден.
- следење на краткорочните и долгорочните ефекти на прескрипција на индивидуализран дијализатен натриум, кој во првата фаза се потврдил како најпогоден.
- утврдување на поврзаноста меѓу хипонатриемијата и морталитетот и дали хипонатриемијата сама по себе е независен ризик-фактор или други состојби кои водат до хипонатриемија се одговорни за морталитетот.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Во Република Македонија досега се уште не е изведено вакво иследување врз хемодијализната популација. Најчесто секој хемодијализен центар има свој

стандарден дијализатен натриум со вредности од 138 ммол/Л и повисоки. Досега е иследувана само стабилноста на претхемодијализните плазматски концентрации на натриум, и е потврдено дека секој пациент има свој “set point” на натриум со мали варијации од 1-2%, што е искористено во ова истражување.

## Краток опис на применетите методи

Во иследувањето се компарираат 4 модели на прескрипција на дијализатен натриум со стандарден дијализатен натриум (ДНа 138).

Првиот модел: дијализатен натриум според пред хемодијализните плазматски концентрации на натриум (во претходните 12 месеци од лабораториските анализи е пресметана средната вредност на плазматскиот натриум, која беше искористена како вредност врз база на која е поставен дијализатниот натриум)

Втор модел: дијализатен натриум според концентрацијата на натриум во ултрафилтратот

Трет модел: профилиран дијализатен натриум (старт на хемодијализата со дијализатен натриум 144 ммол/Л и негово постепено намалување во тек на хемодијализата до 136 ммол/Л

Четврти модел: step wise модел (старт на хемодијализата со дијализатен натриум 138 ммол/Л и негово неделно намалување за 1-2 ммол/Л).

По утврдување на најпогодниот модел, односно кој модел дал најдобри резултати во контрола на крвниот притисок, срцевата фреквенција, субјективното чувство на жед, интердијализното добивање во тежина, а притоа со најмалку несакани интрадијализни компликации, тој е иследуван и во втората фаза. Имено, 18 месеци пациентите биле јализирани со индивидуализиран дијализатен натриум и се следеле кратко_ и долгорочните клинички параметри. Кај секој пациент се следел крвниот притисок и срцевата фрекфенција на секој час во тек на хемодијализата. Пресметувано е интердијализното добивање во тежина. Субјективното чувство на жед е анализирано со DTI (Dialysis Thirst Inventory) тестот. Стапката на функционалноста е одредувана според скалата на Карнофски. Секој месец се правени лабораториски анализи, на 3 месеци ЕКГ, а на 6 месеци ехокардиографија и антропометриски мерења.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Во првата фаза на иследувањето се потврдило дека индивидуализираниот дијализатен натриум според пред хемодијализните плазматски концентрации на натриум е најпогоден дијализатен натриум со кој се постигнува контрола на крвниот притисок (особено кај хипертензивните пациенти), се намалува субјективното чувство на жед, интердијализното добивање во тежина, а интра и интердијализните компликации се сведени на минимум. Во втората фаза на иследувањето се потврдило дека индивидуализираниот дијализатен натриум долгорочно постигнува контрола на крвниот притисок, го намалува чувството на жед и интердијализното добивање во тежина, се намалува употребата на

антихипертензивните лекови, се подобрува нутритивниот статус, функционалниот капацитет, дијастолната и систолната левокоморна функција, како и подобрување на лабораториските параметри (пораст на хемоглобинот, адекватноста на хемодијализата и серумскиот албумин, намалување на серумскиот калиум, фосфор и ЦРП). Се анализирале и разликите меѓу преживеаните и починатите пациенти, со што се потврдило дека преживеаните имаат подобра адекватност на хемодијализите, помал серумски натриум, калиум, фосфор и ЦРП, поголем серумски албумин, подобра систолна и дијастолна левокоморна функција.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Ефтимовска Отовиќ, со наслов „Компарација на клиничките ефекти при користење на разни методи на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум кај болни на хронична хемодијализа", претставува истражување во нефрологијата, односно хемодијализата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ќе создаде услови да се индивидуализира дијализатниот натриум кај секој пациент со што ќе се постигне поквалитетен живот, ќе се продолжи животниот век на дијализните пациенти, ќе се намалат компликациите, како и трошоците за лекување на дијализните болни.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Ефтимовска Отовиќ, со наслов „Компарација на клиничките ефекти при користење на разни методи на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум кај болни на хронична хемодијализа", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката прет одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Eftimovska-Otovic N**, Grozdanovski R, Taneva B, Stojceva-Taneva O. Clinical Characteristics of Patients with Intradialytic Hypertension. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2015;36(2):187-93.
2. **Eftimovska-Otovic N**, Stojceva-Taneva O, Grozdanovski R, Stojcev S. Clinical Effects of Standard and Individualized Dialysate Sodium in Patients on Maintenance Hemodialysis. Open Access Maced J Med Sci. 2016 Jun 15;4(2):248-52.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: оценка на бенефитите на нов модел на прескрипција на дијализатен натриум (индивидуализиран дијализатен натриум) кај пациенти на хемодијализа кој може да даде голем придонес во подобрувањето на квалитетот на живот на овие пациенти, продолжување на животниот век, намалување на компликациите во текот на дијализните сесии како и во интердијализниот период, а воедно и намалување на трошоците за лекување на компликациите и хоспитализациите на пациентите.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: во сите центри за хемодијализа во земјата, особено кај хипертензивните пациенти кои имаат најголем број на компликации интра и интердијализно, може да биде применуван овој модел на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум според пред хемодијализните плазматски концентрации на натриум кој се покажал како најпогоден за постигнување контрола на крвниот притисок, но и на субјективното чувство на жед, интердијализното добивање во тежина, како и интра- и интердијализните компликации. Постојат и ограничувачки моменти, а тоа е потребата од дополнителен ангажман од страна на медицинскиот персонал за обезбедување на индивидуализација на дијализатниот натриум.

Можните понатамошни истражувања се: дијализатниот натриум е фундаментална компонента на хемодијализата која може лесно да се модифицира. Меѓутоа, се уште се потребни истражувања кои треба да ја докажат безбедноста за користење на низок дијализатен натриум.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Наташа Ефтимовска Отовиќ** со наслов „Компарација на клиничките ефекти при користење на разни методи на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум кај болни на хронична хемодијализа**“.**

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Гоце Спасовски, претседател**
2. **Проф. д-р Оливера Стојчева Танева, ментор**
3. **Проф. д-р Петар Дејанов, член**
4. **Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член**
5. **Проф. д-р Милка Здравковска, член**

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „СОЦИОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО“ ОД АВТОРОТ Д-Р ЕМИЉ СУЛЕЈМАНИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр. 02-745/4, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Социологија на образованието“ од авторот д-р Емиљ Сулејмани, наменет за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, за предметот: социологија на образованието, избрани се проф. д-р Владо Тимовски и проф. д-р Флорина Шеху.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

ИЗВЕШТАЈ

## I. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Социологија на образованието |
| **Назив на предметната програма:** | Социологија на образованието |
| **Назив на студиската програма:** | 1.Студиска програма по одделенска настава<br>2.Студиска програма по предучилишно воспитание |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 1. Социологија на образованието – студиска програма по одделенска настава- 3+2<br>2. Социологија на образованието – студиска програма по предучилишно воспитание – 3+2 |
| Предметот социологија на образованието на Педагошкиот факултет е **задолжителен** (изборен/задолжителен) предмет со фонд на часови 3+2 за двете студиски програми, број на ЕКТС-кредити 5 по двете студиски програми и се слуша во I (одделенска) и II (предучилишна) семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 235 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 17 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи една табела. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф. д-р Владо Тимовски с.р.**

**Проф. д-р Флорина Шеху с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:ПРОФ.Д-Р ВЛАДО ТИМОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот *Социолоīија на образованието,* предложен за учебник, содржи вкупно 17 поглавја кои ги третираат прашањата за основање, предмет, дефинирање и развој на социологија на образованието низ векови, согледано низ најзначајните развојни периоди на човековата цивилизација и развој на оптествата.<br><br>Во ракописот посебно внимание му се посветува на односот на социологија на образованието со други науки, меѓу кои посебно со филозофија, кои се се уште актуелни прашања, со низа нови аспекти на научно третирање. Посебно место зазема и поставеноста, теоретско-методолошките и научните ориентации на социологијата на образованието, како и функциите на образованието и развојот на образовните институции во однос на развојот на општествата, глобализацијата и социјалните промени.<br><br>Социјализацијата на индивидуата, курикулумот, културата како и приодот кон мултикултурализмот во образованието, се содржини кои како посебни поглавја на ракописот нудат стекнување на потребни сознанија значајни за професионален развој на идните воспитувачи и наставници.<br><br>Односот на религијата со образованието, посебно сфаќањето на социологија на религијата, е можност за поблиско запознавање на студентите со современото поимање на местото и влијанието на религијата во сферата на образованието.<br><br>Третирањето на прашањата за значењето на етиката и естетиката во две посебни поглавја дава посебен акцент на широчината на третирање на разните аспекти на социологија на образованието, посебно за студентите, воспитувачи и наставници на идни генерации. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот *Социолоīија на образованието,* предложен за учебник, е усогласен со преметните програми за кој е наменет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | ///////// |
| **Оцена на ракописот:** | Предложениот ракопис за учебник со наслов „Социологија на образованието“ ги содржи сите потребни социолошки сознанија и аспекти потребни за стекнување на предвидени |

| | |
|---|---|
| | компетенции на студентите од студиските програми за одделенска настава и предучилишно воспитание.<br><br>Ракописот нуди еден целосен преглед и можност за осознавање на современите научно-стручни прашања, дилеми и предизвици на областите на предметот социологија на образованието, низ еден јасен, концизен и научно потребен приод и јазик, што е доста податлив и соодветен за студентите идни наставници и воспитувачи за нивен професионален раст и развој. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 235 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 17 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи една табела. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот социологија на образованието, примарно наменет за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Владо Тимовски с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Флорина Шеху

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот *Социолоīија на образованиеѿо* опфаќа седумнаесет поглавја и дел за користена литература.<br>Првото поглавје на ракописот се однесува на *развојоѿ на социолошкаѿа мисла низ разни временски ӣериоди и консѿиѿуирање на социолоīијаѿа како наука*. Во ова поглавје, авторот дава на еден синтетичко-аналитички начин приказ на значајните карактеристики и развојни етапи на социолошката мисла, почнувајќи од античкиот, средовековниот период, потоа периодот од XV до XVIII век, и поновиот период, т.е од конституирањето на социологијата како посебна наука.<br>Второто поглавје од ракописот се однесува на дефинирање на социологијата и социолошките метори и *ѿеории*. Авторот во ова поглавје ги третирал актуелните прашања поврзани со дефинирање на социологија, целите и средствата, поделбата на социологијата, најзначајните социолошки методи и теории, кои во суштина се поврзани со социолошко третирање и приод кон образованието.<br>Авторот Емиљ Сулејмани во третото поглавје ги третира прашањата поврзани со *основање, ӣредмеѿ и развој на социолоīија на образованиеѿо*, со посебен приод кон објаснување на развојот на образовната мисла и основањето и современите приоди кон определување на предметот на социологија на образованието. Посебноста во третирањето на наведените прашања се состои во отвореноста, ширината и дескриптиво-компаративната анализа на современите гледишта и ставови кон наведениот аспект.<br>Четвртото поглавје се однесува на *социолоīијаѿа на образование, како и на друīиѿе науки ӣоврзани со образованиеѿо.* Во ова поглавје, авторот обрнува посебно внимание на односот, поврзаноста и меѓувлијателноста на социологијата на образованието со педагогијата, психологијата на образованието и филозофијата како посебни науки, но тесно поврзани со самото образование. Во ова поглавје се поентирани сите современи гледишта за интегративноста, поврзаноста и интердисциплинарноста на наведените науки во областа на образованието. |

| | |
|---|---|
| | Во петтото поглавје се третираат прашања поврзани со поставеноста, основите и релациите на *филозофијата и социологијата на образованието*. Во ова поглавје, авторот Емиљ Сулејмани ја потенцира и објаснува социофилозофијата на воспитанието и образованието, како нова социофилозофска парадигма за приод кон образованието во денешни современи и глобални услови.<br>Шестото поглавје се однесува на *функциите на образованието,* објаснувајќи ги манифестните и латентните функции, како едни од основите за социолошко третирање на самото образование во општествени услови и функционирање.<br>Авторот во седмото поглавје дава приказ, како и нуди стручно-научни основи за разбирање на основите, сличностите, различностите и влијанијата на разните *теоретско-методолошки и научни ориентации во социологија на образованието* (научно-теоретски, функционални, марксистички, интеракционални, либерални, структурални), значајни за стекнување на поширока слика за современите предизвици во областа на социологијата на образованието.<br>Осмото поглавје се однесува на *општеството, образованието, училиштето и универзитетот како општествени институции,* каде авторот се задржува на објаснување и современо приодување кон третирање на поимите општество, образование, училиште како општествена и образовна институција и релацијата универзитет и општество, давајќи релеватни научни сознанија и приоди кон третирање на наведените аспекти во една корелативна и дијалектичка основа.<br>*Општествената и образовната стратификација, нејзиното влијание врз одредување на идните професии и образовната (не) еднаквост,* е деветто поглавје од ракописот каде што авторот Емиљ Сулејмани обрнува посебно внимание на општествената и образовната стратификација и образовната (не) еднаквост како современа реалност полна со контрадикторности, предизвици и обиди за максимално надминување, како и влијанието на социјалната стратификација, социо-економскиот статус на семејството врз изборот на идната професија.<br>Во десеттото поглавје, *развојот на современите општество, влијанието на* |

| | |
|---|---|
| | *глобализацијата и социјалните промени во образованието*, авторот ги третира наведените прашања низ призма на современоста и новите предизвици за меѓувлијателноста на општествените, социјалните и образовните фактори.<br>*Социјализацијата на индивидуата и етапите во прцесот на социјализација* е единаесетото поглавје на ракописот, опфаќајќи го објаснувањето и разгледувањето на прашањето на социјализацијата (елементи и фактори), и тоа примарна, секундарна и терцијална и елементите на социјална зрелост.<br>Во дванаесеттото поглавје, авторот се задржува на прашањето за *курикулумот во образованието и процесите на образовни селекции,* третирајќи низ призмата на формален и неформален курикулум и видовите, степените и факторите на селекција во образование.<br>Тринаесеттото поглавје се однесува на односот на *културата и образованието,* каде што авторот Емиљ Сулејмани го третира прашањето на културата како општествен, социјален и образовен феномен и како асоцијативна сила на самото општество и образование.<br>Во четиринаесеттото поглавје, *Мултикултурализмот во образовниот систем*, авторот посебно внимание му посветува на мултикултурното образование, фактор на хуманизација на општествените односи, како и мултикултурното и интеркултурното образование и можноста што мултикултурализмот го дава во развојот на интеркултурните вредности и образование во денешното општество.<br>*Влијанието на религијата во образованието* е прашање третирано во петнаесеттото поглавје, и тоа низ призмата на релацијата на образованието и религијата, социологијата на религијата, толерантноста помеѓу религиите за хуманизација на општествените односи.<br>Авторот во шеснаесеттото поглавје обрнува посебно внимание на прашањето на *етика и образование,* и тоа низ третирање на етиката во системот на општествени и образовни науки, етичките вредности, етиката и личноста, општеството, религијата и образованието.<br>Во седумнаесеттото поглавје, авторот обрнува внимание на релацијата *естетика и образование,* и тоа низ улогата и |

| | |
|---|---|
| | воспитанието на естетиката во образовниот систем, како и третирањето на социо-естетиката на општествените феномени. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот *Социологија на образованието*, кој се предлага за учебник, е повеќе од усогласен со предметната програма, содржејќи нови и пошироки современи сознанија и пристапи релевантни за понатамошно проучување на социологијата на образованието. |
| **Предлози за потребни корекции:** | /////// |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот *Социологија на образованието* ги исполнува сите предуслови предвидени за учебник за наставници и воспитувачи, третирајќи современи прашања поврзани со денешното сфаќање на социологијата на образованието, односно поврзаноста, влијателноста на општеството, социјалните аспекти врз индивидуата и образовниот систем.<br>Понудените сознанија, методологии на третирање, методи, теоретски пристапи, ориентации на социологијата на образованието, како и прашањата поврзани со мултикултурализмот, интеркултурализмот, етиката, естетиката, културата, религијата, општествените современи влијанија и развој на образовните институции, ќе им овозможи на студентите идни воспитувачи и наставници да стекнат потребни компетенции за нивен квалитетен професионален развој и идно професионално делување. Посебно е значајно што ракописот содржи низа сознанија и гледишта поврзани со социолошко-социјалниот аспект на денешните општества, стратификуваноста и (не) еднаквоста на образованието, како и влијанието на глобализацијата и развојот на разните науки врз самото образование, што е потребна основа за стекнување на целосна слика од страна на воспитувачите и наставниците за детерминираноста и улога на образованието во современите општества.<br>Ракописот *Социологија на образованието* предложен за учебник е напишан на јасен, научно едноставен јазик, заснован на најновите научни сознанија од областа на социологија на образованието. Низ целиот ракопис провејува последователност, но и можност за третирање на различни аспекти од областа на социологија на образованието, кои |

| | |
|---|---|
| | се значајни и потребни за развивање на социолошко знаење и начин на третирање на образованието од страна на студентите, вработените во образованието и други заинтересирани за наведената проблематика. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 235 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12.<br>Текстот е поделен во 17 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи една табела.<br>Ракописот *Социологија на образованието*, на авторот Емиљ Сулејмани, предложен за учебник, нуди широк опсег на потребни содржини за современо третирање на предметот, аспектите развојот и улогата што ја има социологијата на образованието во денешното општество и образовние. Стекнувањето на сознанија за современите движења, промени, аспекти на општествата, образованието и образовните институции, како и третирањето на глобализацијата, религијата, мултикултурализмот, културата, етиката и естетиката, се предуслови за развивање на знаења, способности и вештини кај студентите за сфаќање на каузалноста и детерминираноста на општеството, образованието, социјалните групи и индивидуата.<br>Сметаме дека предложениот учебник ќе придонесе кај идните воспитувачи и наставници проширување и стекнување на потребни сознанија, способности за личен и професионален развој, како и за сфаќање на сопствената професионална улога во иднина. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот социологија на образованието, примарно наменет за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охрдски“ во Скопје.

Рецензент

**Проф. д-р Флорина Шеху с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „МЕЃУНАРОДНО АРБИТРАЖНО ПРАВО“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ТОНИ ДЕСКОСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет донесена на 30.VI.2016 година, бр. 08-728/93, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Меѓународно арбитражно право“ од авторот проф. д-р Тони Дескоски наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, за предметот меѓународно арбитражно право, избрани се проф. д-р Поликсена Гавроска и проф. д-р Арсен Јаневски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### III. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Меѓународно арбитражно право |
| **Назив на предметната програма:** | Меѓународно арбитражно право |
| **Назив на студиската програма:** | Втор циклус студии по меѓународно право и односи и право на Еврoската унија |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:** | **60 часови, 7 ЕКТС - кредити** |
| Предметот меѓународно арбитражно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 60, број на ЕКТС-кредити 7 и се слуша во седмиот семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | Прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 377 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 5 табели. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф. д-р Поликсена Гавроска с.р.**

**Проф. д-р Арсен Јаневски с.р.**

# IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:ПРОФ. Д-Р ПОЛИКСЕНА ГАВРОСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е составен од 10 глави во кои се обработува целокупната материја на меѓународното арбитражно право.<br><br>Првата глава е со наслов „Историски развиток и поим на меѓународната трговска арбитража“. Во оваа глава, авторот дава целосен преглед на настанокот и историскиот развиток на арбитражата. Така, авторот најпрво истакнува дека арбитражата е постара од судските постапки кои се појавуваат дури во подоцнежната фаза во историјата на решавањето на споровите кога била воспоставена судската машинерија. Покрај историскиот преглед на развојот на меѓународната трговска арбитража, во првата глава авторот издвојува и 14 предности на арбитражниот начин на решавање на споровите. Централно место во првата глава зазема определувањето на поимот на меѓународната трговска арбитража. Поимното определување авторот го врши преку компаративен преглед на прифатените дефиниции во најсовремената литертура за меѓународното арбитражно право, за потоа самиот да го дефинира поимот на меѓународната трговска арбитража како “начин на решавање на споровите од меѓународниот трговски промет, кадешто приватните лица - арбитри, црпејќи ги своите овластувања од спогодбата на странките, конечно го решаваат спорот кој им е доверен со одлука која е обврзувачка за странките, а што е признато и од правниот поредок на државата“.<br><br>Втората глава е со наслов „Правна природа на меѓународната трговска арбитража“. Во оваа глава, авторот анализира четири теории во однос на правната природа на меѓународната трговска арбитража, и за секоја од анализираните теории искажува свој став во однос на предностите и недостатоците на теориите. Своите ставови авторот ги гради врз основа на увидот кој го има во особено богатата релевантна светска литература. Посебно се анализирани следниве теории во однос на правната природа на меѓународната |

| | |
|---|---|
| | трговска арбитража: договорна, јурисдикциона, мешовита (хибридна) и автономна теорија.<br><br>Изворите на меѓународното арбитражно право се обработени во третата глава од ракописот. Изворите при тоа се поделени во две групи:<br><br>Прва група – приватни извори - диспизитивни арбитражни правила (автономијата на волјата на странките) и правилата на арбитражните институции.<br><br>Втора група – јавно правни извори – (извори од национален карактер и меѓународни извори). Законот е определен како најзначаен национален извор на меѓународното арбитражно право. Во ракописот се анализирани следниве национални закони: Федералниот арбитражен закон на САД, Законот за арбитража на Англија од 1996 година, Шкотскиот арбитражен закон од 1999 година, Германскиот закон за граѓанска постапка од 1877 година и Новелата на одредбите за арбитража од 1997 година, Уредбата бр. 2011-48 од 13.1.2011 година со која е реформирана Книгата IV од Новиот законик за граѓанската постапка на Франција, Законот за меѓународно приватно право на Швајцарија од 1987 година, Законот за меѓународната трговска арбитража на Руската федерација од 1993 година, Законот за арбитража на Хрватска од 2001 година, Бразилскиот закон за арбитражата од 1996 година и Грчкиот Закон бр. 2735/1999 кој носи наслов "меѓународна трговска арбитража". Во однос на меѓународните извори, авторот разликува:<br><br>1. меѓународни конвенции – мултилатерални, кои потоа ги дели на а. универзални меѓународни конвенции - Женевскиот протокол за арбитражните клаузули од 1923 година, Женевската конвенција за извршувањето на странските арбитражни одлуки од 1927 година, Конвенцијата за признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки, од Њујорк 1958 година, Европската конвенција за меѓународната трговска арбитража од Женева, 1961 година, Конвенција за решавање на инвестиционите |

| | |
|---|---|
| | спорови помеѓу државите и државјаните на другите држави, од Вашингтон, 1965 година; б. регионални мултилатерални конвенции - Интерамериканската конвенција за меѓународната трговска арбитража од 1975 година, Арбитражни конвенции од Арапскиот регион, Африканската конвенција од 1993 година (OHADA конвенција);<br><br>2. билатерални спогодби (спогодби за трговија и пловидба и спогодби за заштита на инвестициите, билатералните спогодби за меѓународна правна помош и за егзекватура на судските одлуки и билатералните спогодби за признавањето извршувањето на арбитражните одлуки); и<br><br>3. опционални меѓународни инструменти (Арбитражните правила на UNCITRAL и Модел-законот за меѓународна трговска арбитража на UNCITRAL).<br><br>Третата глава е насловена како „Видови арбитражи“. Во оваа глава, авторот врши класификација на арбитражите на домашни и меѓународни, институционални и ad hoc арбитражи. Институционалните арбитражи потоа се делат на отворени и затворени, општи и специјални арбитражи. Во оваа глава се обработени позначајните меѓународни арбитражни институции (Меѓународниот арбитражен суд на Меѓународната трговска комора во Париз (МТК) - ICC International Court of Arbitration, Лондонскиот суд за меѓународна арбитража - London Court of International Arbitration (LCIA), Американската арбитражна асоцијација (American Arbitration Asotiation - AAA), Арбитражниот институт на Стокхолмската Трговска Комора (Arbitration Institute of the Stocholm Chamber of commerce - SCC), Меѓународниот трговски арбитражен суд на Трговско-индустриската комора на Руската Федерација, Центарот за арбитража и медијација на Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO Arbitration and Mediation Center), Постојан избран суд-арбитража при Стопанската комора на Македонија и Меѓународниот центар за решавање на инвестициони спорови (ICSID).<br><br>Петтата глава ја анализира спогодбата за меѓународната трговска арбитража и условите |

| | |
|---|---|
| | во однос на нејзината полноважност – субјективни услови кои се однесуваат на странките и објективни услови кои се однесуваат на самата спогодба (форма и содржина). Во оваа глава исто така, авторот врши анализа на видовите спогодби за меѓународна трговска арбитража (арбитражен компромис и компромисорна клаузула), како и на битните и факултативните елементи на спогодбата за меѓународна трговска арбитража. Во однос на формата, авторот дава детален преглед на прифатените решенија во меѓународното арбитражно право во однос на формата на спогодбата за меѓународната трговска арбитража. На крајот од оваа глава детално се анализирани прашањето за арбитрабилноста (субејтивната и објективната арбитрабилност) и прашањето за дејството и престанокот на спогодбата за меѓународна трговска арбитража.<br><br>Шестата глава е посветена на именувањето и статусот на арбиртите. Во четири засебни поглавја, детално се анализирани прашањата за именувањето на арбитрите (конституирањето на арбитражниот суд), потоа *receptum arbitri*, прашањето за независноста и непристрасноста на арбитртите и прашањето за изземањето на арбитрите. Во оваа глава авторот прикажува и табели од кои можат да се изведат компаративни заклучоци во однос на примарното решение, супсидиерното решение во случај на отсуство на спогодба на странките и правилото во случај на пропуст на странските во однос на именувањето на арбитрите, а кои се содржани во правилниците на најзначајните арбитражни институции.<br><br>Во седмата глава е даден целосен преглед на постапката пред меѓународната трговска арбитража. Авторот ги обработува класичните прашања на постапката пред меѓународната трговска арбитража и дава целосен преглед на решенијата кои се поврзани со следниве прашања: меродавно право за арбитражната постапка, начините на поведување на арбитражната постапка, надлежноста на арбитражниот трибунал (competence- |

| | |
|---|---|
| | competence), местото, привремените мерки (анализирани се поголем број на видови на времени мерки), јазикот, усната и писмената постапка, докажувањето, прошуштањето на странките, доставата, одлучувањето на арбитражниот суд и арбитражната одлука.<br><br>Меродавното право за суштината на спорот пред меѓународната трговска арбитража е анализирано во осмата глава од ракописот. Така, во оваа глава авторот нуди преглед на начините за определување на материјалните правила врз основа на кои ќе се утврдат правата и обврските на странките во спорот. Врз основа на анализа на законските решенија и решенијата кои ги нудат институционалните правила, авторот идентификува два начина на определување на меродавното право за суштината на спорот пред меѓународната трговска арбитража, и тоа: 1. меродавно право избрано од странките; 2. меродавно право избрано од страна на арбитрите. Во однос на првиот начин, детално е анализирана автономијата на волјата преку класично поставување на проблемот и разгледување на основните карактеристики на странечкиот избор на меродавното право. Вториот начин е анализиран преку двата појавни облика, и тоа: традиционалниот метод на избор на меродавно право од страна на арбитрите и современи методи на избор на меродавно право од страна на арбитрите. На крајот од осмата глава од ракописот, авторот ја анализира можноста од решавање на спорот според принципот "*ex aequo et bono*".<br><br>Во деветтата глава која е насловена како „Поништување на арбитражната одлука", по логички редослед разгледана е ситуацијата кога се поведува постапка за поништување на арбитражната одлука, потоа самата постапка за поништување на арбитражната одлука, како и причините кои се предвидени во Законот за меѓународната трговска арбитража на Република Македонија од 2006 година, како причини заради кои може да се бара поништување на арбитражната одлука.<br><br>Во последната глава од ракописот, даден е сеопфатен преглед на признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки. Најпрво извршена е поделба на |

| | |
|---|---|
| | начините на признавање и извршување на странските арбитражни одлуки на доброволно и присилно извршување на странските арбитражни одлуки. Потоа, за целите на предметот меѓународно арбитражно право, авторот врши класификација на арбитражните одлуки на домашни и странски и во однос на странските дава комплетен преглед на условите за признавање и извршување кои се содржани во Њујоршката конвенција од 1958 година. Во оваа глава се разработени и поимите на „признавање“ и „извршување“, како и самата постапка која е предвидена во Законот за меѓународното приватно право на Република Македонија, а која се однесува на постапката на признавање и извршување на странски одлуки.<br><br>На крајот од ракописот е даден прилог кој ги содржи: Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, UNCITRAL Модел-законот за меѓународна трговска арбитража, Европската конвенција за меѓународна трговска арбитража од 1961 година и од Конвенцијата за решавање на инвестиционите спорови помеѓу државите и граѓаните на другите држави, од Вашингтон, 18.3.1965. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот е напишан доследно според наставната програма на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, која, пак, е усогласена со програмите по истата дисциплина од најпознатите универзитети во светот. Содржината на ракописот е конципирана на начин што на читателот му нуди не само основни, туку и продлабочени знаења од областа на меѓународното арбитражно право. Авторот нуди ракопис кој е лесен за читање. Сложената и комплесна проблематика е презентирана на многу систематичен и едноставен начин што ја прави лесно разбирлива за студентите на правните факултети како и за сите кои сакаат |

| | |
|---|---|
| | да работат во областа на меѓународното арбитражно право. Текстот е конзистентен и е резултат на повеќегодишно истражување на меѓународното арбитражно право. Структурата на ракописот е соодветна со учебниците по меѓународно арбитражно право кои се користат на најпрестижните универзитети во светот, што укажува на големото значење на понудениот ракопис за рецензија. Секоја од десетте глави е внимателно структурирана. За сите оние коишто сакаат продлабочени знаења од меѓународното арбитражно право, а кои се на ниво на знаења од третиот циклус студии, авторот има подготвено текст со големина на фонтот 10. Очигледно е значајното искуство кое го има стекнато авторот во наставната и научно-истражувачката дејност во меѓународното арбитражно право, што му овозможува да подготви ракопис кој претставува прв систематизиран учебник по меѓународно арбитражно право во Република Македонија. Методологијата која ја користи авторот е општо прифатена методологија при изработка на високошколски учебници. За подготовката на учебникот, авторот проф. д-р Тони Дескоски консултирал импресивно богата и релевантна странска литература. Исто така, авторот користел и исклучително богата судска и арбитражна практика што е елемент кој ја зголемува вредноста на ракописот. Посебна вредност на ракописот се копаративните прегледи кои ги дава авторот, а кои се содржани во голем број на закони, меѓународни инструменти и правилници на најзначаните арбитражни институции денес во светот. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 377 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 5 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот меѓународно арбитражно право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Поликсена Гавроска с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:ПРОФ. Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржината на ракописот кој е даден на рецензија е поделена во 10 глави. Во секоја од главите се обработува соодветно прашање од областа на меѓународното арбитражно право.<br><br>Првата глава е насловена „Историски развиток и поим на меѓународната трговска арбитража“. Најпрво, даден е преглед на развитокот на арбитражниот начин на решавање на споровите. Потоа, авторот го дефинира поимот на меѓународната трговска арбитража, нејзиното значење за развојот на меѓународните трговски односи, како и нејзините предности и недостатоци. На крајот од главата обработени се критериумите врз основа на кои се прави разиликата помеѓу домашната и меѓународната трговска арбитража.<br><br>Правната природа на меѓународната трговска арбитража е предмет на обработка во втората глава. Вниманието во оваа глава авторот го насочува кон четирите теории за правната природа на меѓународната трговска арбитража, и тоа: договорната, јурисдикционата, мешовитата (хибридна) и автономната теорија. Најпрво, обработени се договорната и јурисдикционата теорија, при што авторот ги истакнува основните елементи на двете теории. Од увидот во богатата литература, авторот доаѓа до заклучок дека Битката на теориите оди назад до случајот Del Drago, за кој се одлучувало на почетокот на XX век во Франција. Покрај теоретското значење на правната природа на меѓународната трговска арбитража, авторот го анализира и практично значење на правната природа при определувањето на битните елементи на арбитражата и на арбитражната постапка<br><br>Во третата глава од ракописот детално се обработени приватните и јавноправните извори на меѓународното арбитражно право. Од приватните извори на меѓународното арбитражно право, авторот детално ги обработува диспозитивните арбитражни правила и правилата на арбитражните институции, додека од јавноправните извори, обработени се изворите од национален и од |

| | |
|---|---|
| | меѓународен карактер. Во однос на изворите од национален карактер, авторот дава преглед преглед на следниве национални закони: Федералниот арбитражен закон на САД, Законот за арбитража на Англија од 1996 година, Шкотскиот арбитражен закон од 1999 година, Германскиот закон за граѓанска постапка од 1877 година и Новелата на одредбите за арбитража од 1997 година, Уредбата бр. 2011-48 од 13.1.2011 година со која е реформирана Книгата IV од Новиот законик за граѓанската постапка на Франција, Законот за меѓународно приватно право на Швајцарија од 1987 година, Законот за меѓународната трговска арбитража на Руската федерација од 1993 година, Законот за арбитража на Хрватска од 2001 година, Бразилскиот закон за арбитражата од 1996 година и Грчкиот Закон бр. 2735/1999 кој носи наслов "меѓународна трговска арбитража". Меѓународните извори поделени се во три групи и тоа прва група – меѓуанродни мултилатерални конвенции, втора група – билатерални спогодби и трета група – опционални меѓународни инструменти. Во првата група, авторот врши поделба на универазлни меѓународни конвенции - Женевскиот протокол за арбитражните клаузули од 1923 година, Женевската конвенција за извршувањето на странските арбитражни одлуки од 1927 година, Конвенцијата за признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки, од Њујорк 1958 година, Европската конвенција за меѓународната трговска арбитража од Женева, 1961 година, Конвенција за решавање на инвестиционите спорови помеѓу државите и државјаните на другите држави, од Вашингтон, 1965 година и на регионални мултилатерални конвенции - Интерамериканската конвенција за меѓународната трговска арбитража од 1975 година, Арбитражни конвенции од Арапскиот регион, Африканската конвенција од 1993 година (OHADA конвенција). Во однос на билатералните спогодби како извор на меѓународното арбитражно право, авторот ги обработува следниве: спогодбите за трговија и пловидба и спогодби за заштита на инвестициите, билатералните спогодби за |

| | |
|---|---|
| | меѓународна правна помош и за егзекватура на судските одлуки и билатералните спогодби за признавањето извршувањето на арбитражните одлуки. Во однос на опционалните меѓународни инструменти, во ракописот се обработени арбитражните правила на UNCITRAL и Модел-законот за меѓународна трговска арбитража на UNCITRAL.<br><br>Во третата глава која е насловена „Видови арбитражи" авторот врши класификација на арбитражите врз основа на релевантни критериуми. Во оваа глава, на систематичен начин се обработени позначајните меѓународни арбитражни институции (Меѓународниот арбитражен суд на Меѓународната трговска комора во Париз (МТК) - ICC International Court of Arbitration, Лондонскиот суд за меѓународна арбитража - London Court of International Arbitration (LCIA), Американската арбитражна асоцијација (American Arbitration Asotiation - AAA), Арбитражниот институт на Стокхолмската Трговска Комора (Arbitration Institute of the Stocholm Chamber of commerce - SCC), Меѓународниот трговски арбитражен суд на Трговско-индустриската комора на Руската Федерација, Центарот за арбитража и медијација на Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO Arbitration and Mediation Center), Постојан избран суд-арбитража при Стопанската комора на Македонија и Меѓународниот центар за решавање на инвестициони спорови (ICSID).<br><br>Спогодбата за меѓународната трговска арбитража е обработена во петтата глава од ракописот. Најпрво, авторот дава поимно определување на спогодбата за меѓународната трговска арбитража и го определува нејзиното значење. Потоа, авторот ги обработува условите во однос на нејзината полноважност – субјективни услови кои се однесуваат на странките и објективни услови кои се однесуваат на самата спогодба (форма и содржина). Исто така, авторот врши анализа на видовите спогодби за меѓународна трговска арбитража (арбитражен компромис и компромисорна клаузула), како и на битните (суштествените) и факултативните |

| | |
|---|---|
| | елементи на спогодбата за меѓународна трговска арбитража. Прашањето за формата на спогодбата за меѓународна трговска арбитаржа е обработено преку давање на целосен преглед на различните начини во кои може да се склучи спогодбата. На крајот од оваа глава, авторот го разгледува прашањата за објективната и субјективната арбитрабилност, дејството и престанокот на спогодбата за меѓународна трговска арбитража.<br><br>Именувањето и статусот на арбитрите е предмет на обработка на шестата глава од ракописот кој е даден на рецензија. Авторот детално ги обработува следниве прашања кои се од значење за предметот на шестата глава: прашањата за именувањето на арбитрите (конституирањето на арбитражниот суд), потоа *receptum arbitri*, прашањето за независноста и непристрасноста на арбитртите и прашањето за изземањето на арбитрите. Компаративниот преглед на примарните решенија за именување на арбитри, потоа супсидиерните решенија за именување на арбитри во случаите кога отсуствува спогодба на странските и правилото во случај на пропуст на странките во однос на именувањето на арбитртите кое е содржано во правилниците на најзначајните арбитражни институции е содржано во шестата глава и е прикажано преку табели.<br><br>Во седмата глава е даден преглед на постапката пред меѓународната трговска арбитража. Авторот на логички начин ги обработува сите стадиуми и прашња поврзани со постапката пред меѓународната трговска арбитража. Обработени се следниве прашања кои се тесно поврзани со постапката пред меѓународната трговска арбитража: меродавно право за арбитражната постапка, начините на поведување на арбитражната постапка, надлежноста на арбитражниот трибунал (competence-competence), местото, привремените мерки, јазикот, усната и писмената постапка, докажувањето, прошуштањето на странките, доставата, одлучувањето на арбитражниот суд и арбитражната одлука. |

| | |
|---|---|
| | Предмет на обработка во осмата глава на ракописот кој е даден на рецензија е меродавното право за суштината на спорот пред меѓународната трговска арбитража. Обработени се сите начини на кои може да се определи меродавното право за суштината на спорот пред меѓународната трговска арбитража, и тоа: 1. меродавно право избрано од странките и 2. меродавно право избрано од страна на арбитрите. Во однос на странечката автономија, авторот ги обработува прашањата кои се тесно поврзани со автономијата на волјата, како што се прашањето за конекситет, цепење на договорот, правната природа на автономијата на волјата и временското ограничување на автономијата на волјата. Определувањето на меродавното право од страна на арбитрите е обработено преку традиционалниот метод на избор на меродавно право од страна на арбитрите и современите методи на избор на меродавно право од страна на арбитрите. Како последен начин на решавање на суштината на спорот е обранотен принципот "*ex aequo et bono*".<br><br>Правните средства против арбитражната одлука се предмет на обработка на деветтата глава, која е насловена како „Поништување на арбитражната одлука". Во оваа глава, авторот ги обработува следниве прашања: тужба за поништување на арбитражна одлука, причините заради кои може да се бара поништување на арбитражна одлука, а кои се содржани во Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија од 2006 година и самата постапка за поништување на арбитражна одлука.<br><br>Признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки е обработено во последната, десетта глава од ракописот кој е даден на рецензија. Авторот оваа глава ја започнува најпрво со разликување на доброволно и присилно извршување на странските арбитражни одлуки. Авторот, исто така, врши класификација на арбитражните одлуки на домашни и странски и во однос на странските дава комплетен преглед на условите за признавање и извршување кои се содржани во Њујоршката конвенција од 1958 година, и тоа како на оние на кои се внимава |

| | |
|---|---|
| | по службена должност, така и на оние на кои се внимава по приговор на странките.<br><br>На крајот од ракописот е даден прилог кој ги содржи: Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, UNCITRAL Модел-законот за меѓународна трговска арбитража, Европската конвенција за меѓународна трговска арбитража од 1961 година и од Конвенцијата за решавање на инвестиционите спорови помеѓу државите и граѓаните на другите држави, од Вашингтон, 18.3.1965. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е усогласен со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот кој е даден на рецензија ги покрива сите поглавја предвидени со предметот меѓународно арбитражно право. Авторот има напишано ракопис кој е лесен за читање, со методологија која е прифатена при изработката на учебниците кои ги издаваат најпрестижните универзитети во светот. Целосната проблематика на меѓународното арбитражно право е разработена на начин што секој читател може да ги добие не само основните информации за меѓународното арбитражно право, туку и да навлезе со сржта на оваа правна дисциплина. Пристапот кој го има авторот кон обработената проблематика укажува на целосна посветеност на авторот при истражувањето на материјата на меѓународното арбитражно право. Несомнен е трудот кој го има вложено авторот проф. д-р Тони Дескоски при компаративната анализа на прашањата во меѓународното арбитражно право. Ниту едно од обработените прашања не е обработено низ призмата на само една држава, една теорија, еден закон, еден правилник, туку се користени бројни компаративни искуства. Исклучително богатата судска и арбитражна практика укажуваат и на практичниот приод којшто го има авторот кој постојано ги проверува научните хипотези и теории низ практиката. Десетте глави се конципирани на начин што секоја глава опфаќа самостојна тематска |

| | |
|---|---|
| | целина. Низ ракописот постојано провејува искуството кое го има стекнато д-р Дескоски како универзитетски професор, арбитар и арбитражен советник. Посебна вредност на ракописот се копаративните прегледи кои ги дава авторот, а кои се содржани во голем број на закони, меѓународни инструменти и правилници на најзначаните арбитражни институции денес во светот. Од тие причини, овој ракопис може да и служи како на научната, така и на стручната јавност. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 377 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата), содржи 5 табели и прилог. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот меѓународно арбитражно, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Рецензент

**Проф. д-р Арсен Јаневски с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**
**„ПРИНЦИПИ И ПАРАДИГМИ НА РЕФОРМАТА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА И СИНХРОНИЗАЦИЈА СО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА“**
**ОД М-Р АЛЕКСАНДРА СТАНОЈЕВИЌ,**
**ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 30.6.2016 година, донесе О)длука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Александра Станојевиќ** под наслов: **Принципи и парадигми на реформата на јавната администрација во Република Србија и Република Македонија (компаративна анализа и синхронизација со стратегијата за реформа на Европската унија**, во состав: проф. д-р Борче Давитковски (ментор), проф. д-р Љубомир Дракулевски, проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Ана Павловска-Данева и проф. д-р Зоран Лончар.

Комисијата во горенаведениот состав, со внимание ја прочита и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со задоволство му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Принципи и парадигми на реформата на јавната администрација во Република Србија и Република Македонија (компаративна анализа и синхронизација со стратегијата за реформа на Европската унија)“, изработена од кандидатката м-р

Александра Станојевиќ, опфаќа текст од 333 страници во компјутерска техника со проред 1,5 и Times New Roman 12, 546 фусноти и 457 странски и домашни библиографски единици, законски прописи, извештаи и електронски извори. Структурата на дисертацијата се состои од кратка содржина, вовед, осум глави, заклучок и преглед на користена литература.

Во **воведот,** кандидатката го поставува предметот на истражувањето, целите на истражувањето, појдовните хипотези и методолошката рамка на истражување.

Основни цели на изработката на докторската дисертација на кандидатката се да изврши систематизација на теоретските начела и споредување на искуствата на развиените земји во однос на успешно функционирање на јавната администрација, да изврши анализа на стратегијата и динамиката на развојот на јавниот сектор во ЕУ со цел синхронизација и имплементација на принципите во Република Србија и Република Македонија.

Првата глава е структурирана во две тематски единици. Првото поглавје насловено „Теоретски пристап на настанокот и развојот на јавната администрација“, кандидатката го елаборира низ дефинирањето и определувањето на целта и значењето на поимот на административното право и јавната администрација. Во посебни тематски единици од овој дел во трудот, кандидатката ги објаснува и политичкиот пристап, правниот, односно догматскиот пристап кон изучувањето на јавната администрација, како и менаџерскиот пристап на дефинирање на јавната администрација. Понатаму, кандидатката дава преглед на теориите на организациското уредување на јавната администрација. Во посебно поглавје, кандидатката дава и историски осврт за настанувањето на јавната администрација во САД и во земјите на Европската унија. Кандидатката во овој дел од трудот се осврнува и на новите теоретски рамки за дефинирање на јавната администрација, меѓу кои ги наведува класичната теорија, бихевиористичкиот пристап и современиот пристап кон развојот на теоријата за јавната администрација. Во следното

подглавје кандидатката ги изложува современите тенденции кон интердисциплинарното изучување на јавната администрација и други современи аспекти кон одредувањето на теоретскиот поим на јавната администрација. Во второто поглавје насловено „Анализа на развојот на јавната администрација“, кандидатката става акцент на иницијалните причини и неопходните потреби за развој и постојано унапредување на јавната администрација. При тоа, кандидатката ги наведува инструментите кои влијаат на поттикнување на развој на јавната админастрација и нивно овозможување, односно ефективно применување. Во рамките на оваа тематска единица, кандидатката ја елаборира потребата од утврдувањето на критериуми и параметри за мерење на перформансите на институциите кои ја сочинуваат јавната администрација.

Втората глава под наслов „Пристапи кон проучување на реформата на јавната администрација и интердисциплинарни релации“ е структурирана во четири тематски единици. Во првото поглавје кандидатката ги објаснува основите на законскиот, функционалниот и на бихевиоралниот пристап кон реформите во јавната администрација, по што во наредното поглавје ги објаснува институционалниот и системски пристап како основни начини на толкување и анализа на реформата на јавната администрација. Во третото поглавје кандидатката ги претставува современите пристапи кон изучувањето и унапредувањето на јавната администрација. Во четвртото поглавје кандидатката ја анализира реформата на јавната администрација низ призма на методологијата на политичките науки и социологијата.

Третата глава под наслов „Концепт на реформите на јавната администрација“ е структурирана во три тематски единици. Првото поглавје е насловено „Поимно определување и институционална рамка за реформа на јавната администрација“. Во рамките на оваа поглавје, кандидатката го елаборира развојот и целите за реформи во јавната администрација во земјите од западниот Балкан. Понатаму, кандидатката го објаснува процесот на воведување и унапредување на реформите во

земјите во ЕУ. Она што го потенцира кандидатката се принципите и долготрајниот процес на реформирање на јавната администрација во ЕУ. Во второто поглавје, кандидатката го објаснува концептот на реформа на јавната администрација во Република Србија преку анализа на прашањата кои се однесуваат на предметот и целите за воведување на реформи и нивно усогласување со правната рамка. Во третото поглавје од овој дел, кандидатката дава приказ на концептот на реформа на јавната администрација во Република Македонија и ги наведува предметот и целите за воведување на реформи и нивно усогласување со правната легислатива.

Четвртата глава под наслов „Компаративна анализа на принципите за реформа и тактики за стратешко унапредување на јавниот апарат", кандидатката го обработува во три посебни поглавја. Во рамките на првото поглавје, кандидатката ја наведува моменталната состојба во јавниот сектор, односно затекната состојба и можноста за реафирмација во Република Србија и Република Македонија, односно го објаснува процесот на реформи кој се спроведува во јавниот сектор во овие две земји. Во рамките на второто поглавје, кандидатката детално ги објаснува базичните принципи за реформа на јавната администрација, кои се и појдовни точки за понатамошно унапредување на административниот апарат, а тоа се: принципот на децентрализација, принципот на деполитизација, принципот на професионализација, принципот на модернизација и принципот на рационализација. Во третото поглавје, кандидатката ги објаснува стратешките области за реформирање како иницијални и развојни двигатели за подобрување на системот на јавната администрација. Во рамките на посебна тематска единици од оваа глава, кандидатката посебно се осврнува на системот на фискална децентрализација, истакнувајќи ги, пред се, нејзините основни обележја и како таа може да се одрази на реформите во јавната администрација. Во рамките на посебна тематска единица од оваа поглавје, кандидатката се фокусира на потребата од воспоставување на нова организациона рамка на менаџментот која треба да послужи како основа за рационализација на јавната администрација. Според кандидатката, несомнено влијание врз

реформите на јавната администрација има и електронската технологија, па затоа таа посебно се осврнува на анализа на прашањата кои се однесуваат на Е-управа, односно принципите и целите за развој на електронската управа, примената на информационо-комуникациски технологии во јавната администрација и проблемите и резултатите кои се очекуваат од примената на ИКТ. Она на што кандидатката посебно се осврнува во следните тематски единици се контролните механизми за подобрување на работата на јавната администрација, образование и стручно усовршување во областа на јавната администрација како придонес за разноличност и конвергенција, потребата од реформата на законодавната рамка, приватизацијата како еден од основните предуслови за реформа на јавната администрација, борбата против корупцијата како предуслов и досегашните негативни конотации кои ги предизвикува, секако тука кандидатката ја наведува и потребата за реформа на локалната самоуправа, која исто така влијае на реформата на јавната администрација, како на локално така и на национално ниво.

Петтата глава е под наслов „Парадигматски промени во областа на јавната администрација – Административна одговорност: помеѓу бирократијата и јавниот интерес на граѓаните". Оваа глава кандидатката ја елаборира преку анализа на основните концепти за развој и реформа на јавната администрација, како што се концептот на традиционална парадигма во јавната администрација, менаџмент на тотален квалитет: придвижување од традиционалната јавна администрација, новиот јавен менаџмент: од бирократија до демократија, системот на добро управување: трендови и перспективи и етиката и културолошките феномени во реформата на јавната администрација.

Шестата глава е под наслов „Стратешки планови за реформа на јавната администрација: законска рамка и организација, анализа на стратегија и организација на управата на Европската унија". Во рамките на првото поглавје од оваа глава, кандидатката ги анализира стратегиите за реформа на јавната администрација во Република Србија. Во второто поглавје, пак, ги анализира стратегиите за реформа на јавната администрација во Република Македонија. Во третото поглавје кандидатката ги анализира законската рамка и институции: планови и

уредби во Република Македонија и Република Србија, при што констатира дека се потребни реформи со кои ќе се влијае на подобрувањето на правната  и институционалната рамка во Република Македонија и Република Србија, подобрување на административните постапки, подобрување на квалитетот на административните услуги, управување со човечките ресурси како и модернизација на јавната администрација. Во последното поглавје од оваа глава, кандидатката врши анализа на стратегијата и реформите во Европската унија.

Глава седум е насловена „Европски административен простор: прицкурипи и капацитетот на админисрацијата за интеграција“. Во рамките на првото подглавје од оваа тематска единица кандидатката врши поимно определување на европскиот административен простот и ги објаснува основните принципи на на европскиот административен простот. Во следното подглавје се објсанува капацитетот на администрацијата за интеграциониот процес.

Глава осум е насловена како: „ Имплементација на зададените реформи: парадигми и препораки за отстранување на недостатоците и подобрување на ефективноста“ и кандидатката ја систематизира во четири подглавја. Во првото и второто поглавје кандидатката врши анализа на капацитетот на државниот апарат на Република Србија и Република Македонија за успешна имплементација на предвидените реформи. Во третото поглавје, се наведени перспективите на оперативните тела кои се надлежни за имплементација на реформата. Посебен акцент во оваа глава кандидатката става на поглавје четири во кое ги наведува препораките за успешно и трајно спроведување на реформите во областа на јавната администрација.

На крајот од истражувањето, м-р Александра Станојевиќ дава и свои препораки меѓу кои ја наведува потребата од континуирано и доследно спроведување на принципот на професионализација и деполитизација на јавната администрација, со што би се обезбедило вработените во управата својата кариера во државните органи и конкретно во органите на јавната администрација да ја извршуваат без страв дека може да го изгубат работното место непосредно по промената на власта, а на тој начин би се отстранила и можноста за „кадровирање“.

Кандидатката, исто така, смета дека воведувањето на менаџерскиот пристап во јавната администрација во одделни правни системи обезбедил квалитетно и ефикасно остварување на реформи во јавната администрација, а воедно овозможува и приближување на граѓаните до управата, па со оглед на тоа може да се преземат чекори во насока на применување на овој принцип и во Република Србија и Република Македонија. Имено, кандидатката смета дека наместо административната култура, која ги нагласува почитувањето на постапките, континуитетот и правилноста, без оглед на трошоците и сигурноста, да се воведе нова менаџерска култура– култура на одговорност, иновација, свест за трошоците и прогресивниот развој. Имено, новиот јавен менаџмент се бори за добра и квлитетна администрација која ќе се мери по остварените резултати.

Воедно, ставот на кандидатката е дека треба да се продолжи со реформите кои се однесуваат на електронската управа, затоа што резултатите од развојот на современата информациона и комуникациска технологија придонесуваат за подобрување на јавните услуги, на тој начин што овозможуваат нивно побрзо остварување, далеку поголема достапност до физичките и правните лица и зголемување на ефикасноста во работењето.

Кандидатката смета дека во иднина треба да се поддржуваат и да се обезбеди ефективно спроведување на зададените цели и задачи во стратегиите за реформа на јавна администрација како од страна на институциите во Република Македонија, така и во Република Србија, со што навистина ќе се обезбеди унапредување на организационите и финкционалните потсистеми на јавната администрација, ќе се обезбеди службенички систем заснован на системот на заслуги и унапредување на управувањето со човечките ресурси, ќе се унапреди управување со јавните финансии и јавните набавки, ќе се зајакне правната сигурност и ќе се почитуваат принципите на етичност, транспарентност и одговорност во извршувањето на управните дејности. На тој начин, кандидатката се залага и за примена на принципот на квалитет во јавната администрација, кој од своја страна бара реформа на јавната администрација во областа на развивање и јакнење на системот на кариера, примена на европските

принципи за јавната администрација и правен статус на административните службеници.

Имено, во текот на реформите на јавната администрација во Република Србија и Република Македонија, кандидатката смета дека е неопходно јавната администрација да се рационализира, да се деполитизира и да се стреми кон ефикасно, одговорно и транспарентно спроведување на управните дејности. На локално ниво, треба да се продолжи со процесот на децентрализација и да се спроведе рационализација на системот на локална самоуправа. Во однос на јавните служби, кандидатката наведува дека нивното работење треба постојано да се модернизира, а воедно и да се применуваат соодветни облици на приватизација. Со тоа кандидатката смета дека треба да се воведе и нова менаџерска култура – култура на одговорност, иновации, совест за трошоците и прогресивниот развој.

За сето ова да се оствари, кандидатката смета дека треба да се остварат најмалку четири предуслови, а тоа се: политичка волја, јасни потикнувања за промени, активни медиуми и невладин сектор, како и независно и екикасно правосудство.

## Оцена, заклучок и предлог

Докторската дисертација под наслов „Принципи и парадигми на реформата на јавната администрација во Република Србија и Република Македонија (компаративна анализа и синхронизација со стратегијата за реформа на Европската унија)“, изработена од кандидатката м-р Александра Станојевиќ, претставува самостоен научен труд во кој на академски прифатлив начин се елаборора значајна и исклучително комплексна материја. Трудот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот, односно ставововите на кандидатката за предметот на поставеното истражување.

Дисертацијата се истакнува со исклучителна вредност, бидејќи применува нормативно правен, теоретски и компаративен пристап во анализата на меѓународните акти, позитивното право во Република Македонија и Република Србија и спектар на планови, програми и

меѓународни акти од областа на јавната администрација. Дотолку повеќе, во дисертацијата се изложени и е даден критички осврт на спроведувањето на реформата и имплементацијата на Стратегијата за реформа на јавната администрација во Република Македонија и Република Србија.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторска дисертација што ги задоволува стандардите за изработка на научни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Станојевиќ и причинува особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

**РЕЦЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Борче Давитковски (ментор), с.р.

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.

Проф. д-р Татјана Пертрушевска, с.р.

Проф. д-р Ана Павловска-Данева, с.р.

Проф. д-р Зоран Лончар, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМУНОРЕАКТИВНИ ГЛИКОПРОТЕИНИ ОД ХУМАН ПЕРИФЕРЕН НЕРВ И C.JEJUNI (O:19) " ОД М-Р АИДА ЛОШАЈ-ШАЛА, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 08.07.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Аида Лошај-Шала „Определување на имунореактивни гликопротеини од хуман периферен нерв и C.jejuni (O:19)", во состав: проф. д-р Александар Димовски (претседател), проф. д-р Љубица Шутуркова (ментор), проф. д-р Џанџакомо Берета (член), проф. д-р Гордана Китева-Тренчевска (член) и проф. д-р Анета Димитровска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на докторантката м-р Аида Лошај-Шала, со наслов „ Определување на имунореактивни гликопротеини од хуман периферен нерв и C.jejuni (O:19), е структурирана во следниве поглавја: вовед, цели, експериментален дел, резултати и дискусија и заклучни согледувања и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот се изложени основните научни гледишта од областа во која се истражува, хипотезата, истражувачките прашања, како и теоретската рамка преку сеопфатен преглед на литературата.

На почетокот, кандидатката дава преглед на структурата на нервната клетка и периферниот нервен систем (ПНС), како и најновите истражувања во областа на инфламаторните невропатии насочени кон разјаснувањето на биологијата на глукоконјугатите и глукопротеините присутни во периферните нерви и имунопатолошкиот одговор кон нив, вклучувајќи идентификација на антиглукокоњугатни антитела, начинот на нивно создавање и нивната улога во патогенезата на автоимуните заболувања. Анализите на молекуларниот состав на периферните нерви покажуваат присуство на високо комплексна и организирана структура составена од најразлични молекули кои би можеле да бидат целни места за автоантителата кои учествуваат во инфламаторните процеси на автоимуните невропатии. Инфламаторните невропатии опфаќаат повеќе синдроми со различни патолошки и клинички карактеристики, меѓу кои спаѓаат Guillian-Barre синдромот (GBS) и неговите варијанти (моторна, сензорна и Miller-Ficher-ов синдром), мултифокална невропатија и хронична инфламаторна демиелинизирачка полирадикулоневропатија.

Инфекциите со Campilobacter jejuni се асоцирани со зголемен титар на антитела насочени кон антигени на периферни нервихуманите ганглиозиди (GM1, GM1b, GD1a, GalNAc-GD1a). Создадените автоантитела покажуваат молекуларна мимикрија со хуманите ганглиозиди, како и со бактериските епитопи присутни на површината на бактериските липосахариди. Последните истражувања упатуваат и на улогата на екстраклеточниот HSP70 во активација на имуниот систем доведувајќи до инфламаторна каскадна реакција. Покажано е дека пациентите со GBS имаат зголемен титар на IgG-антитела кон неколку HSP-фамилии (HSP27, HSP60, HSP70) во цереброспиналната течност. Истражувањата за особините и имунореактивноста на протеините изолирани од периферен нерв и од C.jejuni O:19 даваат можност за разјаснување на механизмот на настанување на имунолошкиот одговор кај постинфективните автоимуни заболувања како GBS.

Во поглавјето **Цели,** кандидатката ги наведува основните цели на докторската дисертација: определување на структурните особини и имунореактивноста на гликопротеините изолирани од ПНС кои се главен патолошки таргет на заболувањето Guillian –Barre-ов синдром (GBS) и гликопротеините изолирани од C.jejuni O:19 кој претставува најчеста причина за појава на Guillian –Barre-ов синдром (GBS).

**Експерименталниот дел** од докторската дисертација е составен од шест дела: изолација на протеини од ПНС и C.jejuni O:19, определување на концентрација и физичко-хемиска карактеризација на изолираните протеини , определување на нивната имунореактивност, анализа на имунореактивните петна со електрофореза и со нанопроточна течна хроматографија –масена спектрометрија и определување на нивоата на серумски HSP70 кај пациенти со дијагностициран GBS.

Во оваа студија е користен хуман периферен нерв добиен по аутопсија од пациенти без невролошки заболувања и изолирани протеини од *C. jejuni* (serotype O:19, ATCC 43446). Хуманите периферни нерви се добиени со аутопсија од пациенти кои починале од неневролошки заболувања. Нервното ткиво е пулверизирано, прочистено екстрахирано. Бактеријата *C. jejuni* O:19 е култивирана на агар, идентификувана, хомогенизирана и извершена е изолација на протеините. Извршена е сепарација на протеините од хуман периферен нерв и C.jejuni O:19, определена е електрофоретската подвижност на изолираните протеини и нивна имунолошка карактеризација. Физичко–хемиската карактеризација на изолираните протеини е определена преку електрофоретската мобилност и со изоелектрично фокусирање (IEF), додека имунолошката карактеризација на изолираните протеини е определена со примена на Western Blot. Електрофоретските траки кои ги содржат протеините од интерес се изолирани, дигерирани со трипсин и добиените пептиди се анализирани на HPLC-HRMS. Добините резултати се елаборирани со примена на биоинформатички алгоритам за протеинска идентификација и евалуација на сличности. Анализата на имунолошки реактивните ленти добиени со 1D - SDS page е спроведена со нанопроточна течна хроматографија - масена спектрометрија (nHPLC-nESI-MS and MS/MS). Определувањето на серумските концентрации на HSP70 протеините кај пациенти со периферни невропатии и здрави доброволци е спроведена со примена на ELISA-техника.

Во поглавјето **Резултати** се прикажани изолираните протеини и нивната електрофоретска подвижност и специфична имунореактивност со серуми на пациенти со GBS, резултатите на имунореактивните протеини добиени по 1D и 2D – SDS PAGE и со нанопроточна течна хроматографија – масена спектрометрија (nHPLC-nESI-MS and MS/MS и резултатите од идентификацијата на протеините со примена на

биоинформатички алгоритам). На крајот од поглавието „Резултати" дадени се добиените резултати од определувањето на серумските концентрации на HSP70-протеините кај пациенти со периферни невропатии и здрави доброволци со примена на ELISA техника и нивната статистичка обработка.

Во поглавјето **Дискусија**, на веродостоен начин, дадено е толкување и споредба на добиените резултати од реализираното истражување со теоретските сознанија и литературните податоци од областа. На почетокот, кандидатката ги споредува резултатите добиени од своите испитувања со најновите литературни сознанија кои даваат потврда за GBS како вистински случај на постоење на молекуларна мимикрија кај автоимуните заболувања, како и со податоците за улогата на гликопротеинските структури од хуман периферен нерв и од *C. jejuni* како потенцијални антигени во настанувањето на невропатските синдроми.

Понатаму во дискусијата, кандидатката ги образложува резултатите од физичко-хемиската и имунолошката карактеризација на протеинските екстракти од хуман периферен нерв и на *C. jejuni O:19*. Споредувајќи ги резултатите добиени по електрофоретско разделување на протеинските изолати, кандидатката укажува на сличностите во молекулските маси. Во понатамошниот дел од дискусијата, кандидатката ги толкува резултатите добиени од идентификацијата на имунодоминатните гликопротеини од протеинските изолати. Добиените резултати во корелација со литературните податоци упатуваат на потенцијалната улогата на идентификуваните протеини, во патогенезата на постинфективни автоимуни периферни невропатии кај човекот. Карактеризацијата и имунореактивноста на изолираните протеини даваат придонес во разјаснувањето на механизмот на настанување на имунолошкиот одговор кај постинфективни автоимуни заболувања како GBS, додека определувањето на серумските концентрации на HSP70, може да биде полезен биомаркер за предикција или ремисија на пациенти со GBS.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во докторската дисертација е изолирање, физичко-хемиска и имунолошка карактеризација на изолираните гликопротеини од бактеријата *C. Jejuni O:19* и хуман периферен нерв, кои имаат потенцијална улога во развојот на автоимуни невролошки заболувања како GBS. Исто така, како предмет на истражувањето е структурното определување на имунореактивните гликопротеини. Покрај ова, истражувани се серумските концентрации на HSP70 кај пациенти со GBS, здрави доброволци и серуми на пациенти со други невролошки имунопосредувани заболувања.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Идентификацијата и карактеризацијата на автоантигените присутни во периферен нервен систем на човекот претставуваат голем предизвик во полето на клиничката невроимунологија, особено во делот на демиелинизирачките заболувања. Најновите истражувања се насочени кон разбирањето на механизмот на дејствување на глукоконјугатите присутни во периферните нерви и имунопатолошкиот одговор кон нив, вклучувајќи идентификација на антиглукоконјугатни антитела во различните

фенотипови на автоимуните невропатии, начинот на нивно создавање и нивната улога во настанувањето на патогенезата на овие заболувања. Досегашните истражувања упатуваат на постоење на структурна хомологија помеѓу бактериски и гликоконјугатни структури присутни во хуманиот периферен нерв.

## **Краток опис на применетите методи**

Применетите методи се актуелни и соодветни од областа на истражувањето. Методите опфаќаат различни имунохемиски техники, SDS-PAGE (1D I 2D), Western blot, за изолирање и имунохемиска карактеризација, современи техники за структурна карактеризација, нано проточна течна хроматографија – масена спектрометрија (nHPLC-nESI-MS и MS/MS) и за серолошко определување на HSP70 користена е ELISA-техника. Експериментите се структурирани на начин кој обезбедува следливост и поврзаност на резултатите во истражувањето.

## **ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Аида Лошај-Шала, со наслов „Определување на имунореактивни гликопротеини од хуман периферен нерв и C.jejuni (O:19)", претставува истражување во подрачјето на фармацевтските науки, област клиничка фармација. Со оглед на актуелноста на полето на истражување и квалитетот и обемот на презентираните резултати, оваа докторска дисертација дава значителен научен придонес во областа. Докторската дисертација на кандидатката м-р Аида Лошај-Шала, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## **Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Резултати од докторската теза се објавени и во низа меѓународни научни собири од областа на фармацијата и невроимунологијата. Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Автори: **Aida Loshaj-Shala**, Luca Regazzoni, Armond Daci, Marica Orioli, Katerina Brezovska,Ana Poceva Panovska, Giangiacomo Beretta, Ljubica Suturkova. Guillain Barré syndrome (GBS): New insights in the molecular mimicry between C. jejuni and human peripheral nerve (HPN) proteins. *Journal of Neuroimmunology*, Volume 289 , 168 – 176 (2015).

Автори: **Aida Loshaj-Shala**, Ana Poceva Panovska, Katerina Brezovska, Giangiacomo Beretta, Ljubica Suturkova, Slobodan Apostolski Involvement of serum HSP 70 in Guillain-Barré Syndrome: An exploratory study and a review of current literature. *Macedonian pharmaceutical bulletin*, **61** (1) 61 - 67 (2015).

## Заклучок и предлог

Резултатите од изучувањата опфатени во дисертацијата изработена од м-р Аида Лошај-Шала се оригинални и даваат придонес во разјаснувањето на механизмот на настанувањето на периферните невропатии и можност за развој на нови тераписки пристап. За квалитетот на дисертацијата, меѓу другото, зборуваат и двете објавени публикации во интернационални списанија, од кое едното е со фактор на влијание.

Судејќи според предметот и содржината на обработената проблематика, како и според реализираните цели и избраните методи за испитување, може да се заклучи дека изработената докторска тема од м-р Аида Лошај-Шала под наслов „Определување на имунореактивни гликопротеини од хуман периферен нерв и *C.jejuni* (O:19)“ заслужува да биде прифатена како докторска дисертација. Поради тоа, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да ја прифати изработената докторска дисертација од м-р Аида Лошај-Шала под горниот наслов и да и овозможи на кандидатката пристап кон јавна одбрана.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Александар Димовски, претседател с.р.**

**Проф. д-р Љубица Шутуркова, ментор с.р.**

**Проф. д-р Џанџакомо Берета, член с.р.**

**Проф. д-р Гордана Китева-Тренчевска, член с.р.**

**Проф. д-р Анета Димитровска, член с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНТРОПОМЕТРИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ КАЈ ДЕЦАТА ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА“ ОД М-Р БЛАГОЈА ГЕШОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ - ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје на својата XXVII редовна седница одржана на 16.6.2016 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **Антропометриски карактеристики кај децата од основните училишта**, поднесена од кандидатот **м-р Благоја Гешоски**, пријавена на Институтот за дефектологија.

Комисијата за оцена, во наведениот состав: проф. д-р Ристо Петров (ментор), проф. д-р Наташа Чичевска Јованова, проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, проф. д-р Владимир Трајковски и доц. д-р Оливера Рашиќ Цаневска со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на м-р Благоја Гешоски е самостоен труд, кој претставува современа, научна студија презентирана на 241 страница, компјутерски обликуван текст. Глобалната анализа на трудот е структурирана во десет дела (Теоретски основи на проблемот на истражување, Проблем на истражување, Цел, задачи и хипотези на истражувањето, Методологија на истражувањето, Резултати од истраживањето, Дискусија, Заклучоци и Предлози, Преглед на користена литература и Прилози). Резултатите до кои дојде во неговото истражување кандидатот ги презентира на 73 табели и 34 слики. Литературата која е користена за изработката на докторската дисертација е составена од 198 библиографски единици, македонска и странска литература.

Првиот дел од докторската дисертација, **Теоретски основи на проблемот на истражување**, е презентирано низ три поглавја. Овој дел претставува мошне солидна теоретска елаборација и дефинирање на проблемот на истражување. На самиот почеток кандидатот укажува на *развојот на децата*. Посебно се задржува на теориите и периодите во развојот на децата, општите карактеристики на развојот и посебно на моторниот развој, кој го елаборира низ неколку прашања. Во продолжение се задржува на *влијанието на физичките активности врз развојот* и во овој дел укажува на психофизичките карактеристики на децата на возраст од 6 до 15 години, кои се негова целна група. Втора тематска единица која кандидатот ја разработува се *децата со пречки во развојот*. Укажува кои деца спаѓаат во оваа група, зборува за нивните карактеристики и во продолжение посебно се осврнува на децата со оштетен слух, децата со интелектуална попреченост, децата со моторни

нарушувања и децата со комбинирани нарушувања. *Проценка на развојот на децата* е третата тематска единица и во овој дел кандидатот укажува на параметрите на телесниот развој, антропометриските техники и антропомет-риските карактеристики. Укажува и на истражувања за развојот на децата од други автори.

Во вториот дел, кандидатот укажува на **проблемот на истражување**, па потенцира дека во специјалната едукација и рехабилитација истражувањата кои се однесуваат на антропометриските карактеристики се насочени кон дефинирање на антропометрискиот профил на лицата со сензорни, когнитивни и моторни нарушувања во развојот. Целта на овие истражувања е создавање теоретска основа за структурирање на соодветна програма за стимулирање на физичкиот раст и моторниот развој, како и превенција и корекција на телесните деформитети. Основна претпоставка е дека соодветната моторна активност го стимулира правилниот физички раст и моторен развој, врши превенција на телесните деформитети и во крајна мера го подигнува нивото на функционирање.

Физичкиот и моторниот развој на децата со пречки во развојот не подлежат секогаш на правилата за развој и развојните норми кои важат за децата со нормален развој. Постојат многубројни отстапувања во однос на динамиката и квалитетот. Со компарација на антропометриските каракте-ристики и моторните способности на учениците со нормален развој и пречки во развојот можно е да се дефинира влијанието на сензорните, когнитивните и моторните нарушувања во развојот врз антропометрискиот профил на учени-ците од основните училишта.

Проверката на оваа парадигма е основниот проблем.

Во третиот дел од дисертацијата, **Цел, задачи и хипотези на истражувањето**, кандидатот ги дефинира наведените прашања.

Кандидатот укажува дека *основната цел на истражувањето* е процен-ка и компарација на антропометриските карактеристики кај децата од основните училишта, кои се анализираат во однос на полот, возраста, видот на училиштето, степенот на физичка активност, состојбата на сетилата и нивото на интелектуалното и моторното функционирање.

*Задачи на истражувањето* се:

1. проценка на антропометриските карактеристики кај децата во редовните основни училишта;
2. проценка на антропометриските карактеристики кај децата од посебните училишта и дневните центри;
3. утврдување на степенот на значајност на разликите и компарација на антрополошкиот профил кај децата во редовните и децата во посебните училишта и дневните центри;
4. дефинирање на латерализацијата на сетилата и екстермитетите,
5. утврдување на квоциентот на моторика и моторната старост;
6. утврдување на нивото на физичка активност;
7. корелација на антрополошкиот статус и нивото на моторно функционирање.

*Општи хипотези на истражувањето* се:

1. постои статистички значајна разлика во антрополошкиот профил на учениците во однос на возраста, полот и условите за учење;
2. антрополошкиот профил на децата е во директна корелација со состојбата на сетилата и нивото на когнитивното и моторното функционирање;
3. антрополошкиот профил на децата е во директна корелација со нивото на соодветната физичка активност.

Покрај наведените општи хипотези, кандидатот во овој дел дефинира и 28 *посебни хипотези*.

***Методологија на истражувањето***

Методологијата е обработена во четвртиот дел од докторската дисертација. Истражувањето во поглед на временската рамка спаѓа во редот на трансверзалните истражувања и истото е реализирано теренски во природни животни услови. Потребните податоци беа собрани со увид во документацијата, мерење, тестирање и анкетирање на испитаниците. Истражувањето е реализи-рано од месец ноември 2012 година до месец мај 2013 година, во основните училишта во општина Струмица, како и во Специјалната установа за деца со интелектуална попреченост „Иднина“ - Скопје, Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ – Битола и во Дневниот центар за деца со церебрална парализа - Скопје.

Со истражувањето се опфатени вкупно 260 испитаници од двата пола. Од вкупниот број, 160 испитаници учат во редовни основни училишта, додека 100 учат во посебни основни училишта и дневни центри. Испитаниците врз основа на развојот, со или без пречки, поделени се во четири групи:

- прва група (I), испитаници со нормален развој (160 испитаници без пречки во развојот);
- втора група (II), испитаници со сензорни пречки во развојот (40 испитаници со оштетен слух);
- трета група (III), испитаници со пречки во когнитивниот развој
  (40 испитаници со лесна интелектуална попреченост);
- четврта група (IV), испитаници со пречки во моторниот развој
  (20 испитаници со церебрална парализа).

Групите се структурирани во однос на полот (машки и женски) и во однос на возраста (8 до 10 години и 14 до 15 години).

*Статистичка обработка на податоците*

Податоците добиени при истражувањето се обработени со соодветни математички и статистички постапки. За обработка на податоците е користена компјутерската статистичка програма XL STAT. Со помош на дескриптивната статистика за секоја од тестираните варијабли пресметани се: аритметичка средина (SV), стандардна девијација (SD), стандардна грешка на стандардна девијација (St.Er), минимален (MIN) и максимален (MAX) резултат и проценти (%).

Меѓузависноста помеѓу испитуваните групи за степенот на исхранетост, латерализираноста и вклученоста во физичките активности кандидатот ја тестира со помош на $\chi 2$ - тест и Fisher Exact–тест за

клетките во кои има мали вредности. χ2 - тестот според поголем број автори е најприкладен при ваков тип на истражувања. Овој тест кандидатот го користи за да утврди непостоење зависност помеѓу две или повеќе варијабли и токму тоа е разликата со тестот за корелација каде што се утврдува постоење на зависност (McHugh, 2013).

Значајноста на разликите помеѓу аритметичките средини на антропометриските карактеристики и квоциентот на моторика во однос на полот и возраста е тестиран со помош на Студентовиот t-тест (Student's t-test), кој е најчесто употребуван параметриски тест на значајност за тестирање на нултата хипотеза.

Разликите во антропометриските мерки и разликите во моторната старост на испитаниците во однос на развојот се тестирани со анализа на варијансата (ANOVA), со која најнапред се поставуваат две меѓусебно спротивни и исклучувачки хипотези:

- H0: M1=M2=M3 - ако се прифати оваа хипотеза, контролираниот фактор (чие влијание го испитуваме) не влијае на варијабилитетот на појавата.
- H1: M1≠M2=M3 или H1: M1=M2≠M3 - доколку аритметичките средини барем на две маси се разликуваат контролираниот фактор влијае на појавата.

Составна компонента при спроведување на анализа на варијанса е и Тукиевиот тест, кој се применува исклучиво кога се прифаќа алтернативната хипотеза (H1), односно кога факторот влијае на појавата. Во тој случај, овој метод гарантира дека ќе откриеме статистички значајна разлика барем помеѓу еден пар аритметички средини.

Со помош на Пирсоновиот коефициент на корелација, кој ни укажува на односот помеѓу две варијабли, но не и за влијанието на едната врз другата варијабла, кандидатот го тестира постоењето корелација помеѓу телесната тежина, телесната висина, БМИ и моторната старост на испитаниците.

***Резултати од истражувањето***

Кандидатот ги обработува резултатите во петиот дел, каде што прави нивна анализа со богат илустративен материјал, притоа дискутирајќи ги и споредувајќи ги добиените резултати со низа релевантни истражувања.

Основната претпоставка – дека развојните нарушувања ги детермини-раат антропометрискиот и моторниот профил кај учениците од основните училишта - е потврдена со компарација на антропометриските карактеристики и моторните способности кај учениците со пречки во развојот и кај учениците со нормален развој, при што е дефинирано влијанието на сензорните, когнитив-ните и моторните развојни нарушувања врз антропометрискиот профил на учениците од основните училишта.

Антропометриските карактеристики на учениците со нормален развој се структурирани во однос на полот и возраста. Што се однесува до испитаниците со сензорни, когнитивни и моторни развојни нарушувања, антропометриските карактеристики се структурирани во однос на

возраста, но не се структурирани во однос на полот, што значи дека ***првата хипотеза*** е само делумно потврдена.

Со истражувањето се добиени значително различни структури на антропометриски карактеристики и моторните способности кај учениците со оштетен слух, интелектуална попреченост и церебрална парализа. Ваквата структура на добиени резултати укажува дека различните развојни нарушу-вања предизвикуваат различен антропометриски профил на учениците, па според тоа може да се заклучи дека антропометрискиот профил е во директна корелација со сензорното, когнитивното и моторното функционирање, со што е потврдена ***втората хипотеза***.

Антрополошкиот профил на децата е во директна корелација со нивото на соодветната физичка активност. Најголем број испитаници на возраст од 8 до 10 години се вклучени само во редовните физички активности во училиштето. Во превентивно/корективни активности вклучени се 13,39% испитаници. Поштедени од какви било какви физички активности се 28,57% од испитаниците во IV група, а вклучени во спортски активности и надвор од училиштето се 16,25% од испитаниците од I група. Најголем број испитаници на возраст од 14 до 15 години се вклучени само во редовните активности во училиштето. Вклучени во спортски активности и надвор од училиштето се 22,50% од испитаниците од I група. Во превентивно/корективни активности вклучени се 84,62% од IV група и поштедени од спортски активности се 2,26%. Ваквата структура на добиени резултати ја потврдува ***третата хипотеза.***

Добиените статистички значајни разлики помеѓу учениците кои учат во различни услови, укажуват дека средината има голема одговорност за психофизичкиот раст и развој на децата. Препорачаниот минимум на секојдневна физичка активност кој може да обезбеди соодветен развој на детето е од 30 до оптимални 60 минути, додека во периодот на интензивен раст на детето потребни се најмалку 12-15 часа неделно за да се задоволат елементарните потреби. Бидејќи неделниот фонд на часови по физичко образование е три часа по 45 минути и не го задоволува препорачаното оптимално време за физичко вежбање, потребно е да се преземат конкретни мерки за унапредување и зголемување на воннаставните активности во училиштето, како и охрабрување и поттикнување на децата да се занимаваат со дополнителна спортска или физичка активност во слободното време.

Анализирајќи ги разликите помеѓу испитаниците, утврдени се одредени отстапувања кај испитаниците со пречки во развојот во однос на испитаниците со нормален развој, но нема значајна диференцијација во однос на полот и возраста.

Квоциентот на моторен развој кај учениците со сензорни, когнитивни и моторни развојни нарушувања значајно се разликува во однос на квоциентот на моторика кај учениците со нормален развој. Затоа кај учениците со пречки во развојот е потребена приспособена програма, индивидуален пристап и активности во диференцираниот моторен простор, додека кај испитаниците со нормален развој акцентот е ставен на групната работа и интеграцијата.

**Оцена на трудот**

Во специјалната едукација и рехабилитација антропометриските истражувања се насочени кон дефинирање на антропометрискиот профил на лицата со сензорни, когнитивни и моторни нарушувања во развојот. Меѓутоа, влијанието на овие нарушувања во развојот на антропометриските каракте-ристики на децата на училишна возраст не е доволно истражено. Досега соопштените резултати не се доволни за дефинирање на антропометриските карактеристики кај учениците од основните училишта, за врз нивна основа да се структурираат програми за превентивна и корективна работа, како и програми за физичко воспитување и образование.

Целта на овие истражувања е создавање теоретска основа за структури-рање на соодветна програма за стимулирање на физичкиот раст и моторниот развој, како и превенција и корекција на телесните деформитети. Основна претпоставка е дека соодветната моторна активност го стимулира правилниот физички раст и моторен развој, ги превенира телесните деформитети и воопшто го зголемува нивото на функционирање.

Познато е дека периодот кој учениците го поминуваат во пониските одделенија е многу значаен, бидејќи во тие години детето полесно ги усвојува моторните знаења. Покрај тоа, овој период е посебно значаен и соодветен за подобрување на моторните способности (сензитивен период за развој на моториката). Како резултат на промените во физичкиот раст, развојот и неговата структура, функционалното созревање и акумулираното моторно искуство, како и појавата на базични моторни способности и природната стимулација на развојот на моториката, во овој период се создаваат услови за учење на најразлични движења и активности. Од друга страна пак училишниот период е многу чувствителен и се смета за период во кој прв пат се појавуваат телесни деформитети.

**Заклучок и предлог**

Сметаме дека резултатите од ова истражување ќе и послужат на стручната јавност за стекнување со нови знаења и ќе претставуваат поттик за примена на нови методи и постапки за создавање теоретска основа за структурирање на соодветна програма за стимулирање на физичкиот раст и моторниот развој, како и превенција и корекција на телесните деформитети кај децата од училишна возраст. За да се разбере телесниот и моторниот развој потребно е да се согледаат и објаснат спецификите во телесниот и моторниот развој, како и да се дефинира влијанието на сензорните, когнитивните и моторните нарушувања врз телесниот раст и моторен развој на децата. Исто така, ова истражување би требало да претставува поттик за нови истражувања во оваа област.

Врз основа на прикажаната анализа и оцена на докторскиот труд, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценја на докторската дисерта-ција на кандидатот **м-р Благоја Гешоски,** со наслов: **Антропометриски карактеристики кај децата од основните училишта** и да одобри јавна усна одбрана на трудот.

**Комисија**

Проф. д-р Ристо Петров с.р.

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова с.р.

Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска с.р.

Проф. д-р Владимир Трајковски с.р.

Доц. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ РЕЛИГИОЗНОСТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН “ ОД М-Р БАШКИМ БАШКИМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 16. 06. 2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Башкими со наслов „Религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион“, во состав: проф. д-р Илија Ацески (претседател), проф. д-р Зоран Матевски (ментор), проф. д-р Аница Драговиќ (член), проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова (член) и проф. д-р Марија Дракуловска Чукалеска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Башкими, со наслов „Религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион“, содржи 230 страници компјутерски обработен текст во фонт MAC C Times, проред 1,5 и големина на букви 12, со 173 фусноти, 91 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека како резултат на падот на социјализот се наоѓаме во период во кој доаѓа до големи промени во општеството, како економски и политички, така и социјални. Дополнително овие промени се проследени и со промени во вредносните приоритети во општествениот систем на вредности. Религијата како историска категорија која е присутна во некаков облик во сите човечки заедници, го продолжува својот век на траење и во современото општество. Светот во кој живееме тешко можеме да го разбереме без да се одреди местото и улогата кое го има религијата во современиот свет. Општествените промени кои се случуваат од крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесттите години на минатиот век, со падот на социјализмот, ја менуваат општествената улога на религијата. Живееме во свет кој го карактеризираат процеси на десекуларизација, односно сакрализација. Ваквиот пресврт, односно драстично променет однос кон религијата кој се карактеризира со зголемување на религиозноста кај севкупното население претставува инспиративно тло за проучување на религијата. Со оглед на тоа што охридско –струшкиот регион претставува религиозно хетерогена средина во која дејствуваат двете најзначајни религиски организации и тоа: Македонската православна црква – Охридска архиепископија и Исламската верска заедница, ја прават ова средина интересна за ваков вид истражување.

На почетокот на **првата глава** анализирани се одговорите на прашањата поврзани со социолошкото одредување на поимот религија. Кандидатот во продолжение ги анализира облиците на религиската свест, односно прави краток приказ на историскиот развој на религијата; елементите на религијата, односно верувањето во натприродното-оностраното битие, религиските чувства, ритуалите, симболите и религиската организација; финкциите на религијата односно погледот на свет, психолошко-емоционалната или компензациската функција, етичката функција и општествено-интегративната функција на религијата. После елаборацијата за тоа што е религијата се наметнува потребата за поблиску одредување на тоа што е религиозноста, како и да се утврди разликата помеѓу религијата и религиозноста. Поимот религија, всушност, претставува систем од идеи, верувања и вредности, додека, пак, религиозноста имплицира еден субјективен, односно личен став, кој начесто настанува со усвојување на одредно религиско верување. Во ова истражување се користи поимот „класична" религиозност, поим кој е земен онака како што го употребувале сите значајни истражувачи на нашите простори. На крајот од оваа глава се анализираат типовите на религиозност, социолошките детрминанти на религиозноста и индикаторите на религозноста.

**Втората глава** го анализира прашањето за религијата и општеството. Кандидатот укажува дека како во минатото, така и денес, односот помеѓу религиските заедници и државата зазема посебно место во социологијата на религијата. Религиските заедници секогаш постоеле во рамките на државните заедници па према тоа неопходно било меѓу нив да се регулираат низа прашања поврзани со нивниот меѓусебен однос. Односите помеѓу религиските заедници и државата можат да бидат добри, но исто така тие можат да бидат и конфликтни. Тие односи можат да се движат од игнорирање на религиските заедници од страна на државата, па се до промовирање на одредена религиска заедница за државна. Во продолжение, кандидатот ја анализира типологијата на односите помеѓу религиските заедници и државата во текот на историскиот развој. Карактеристични се следниве четири односи помеѓу црквата и државата, и тоа: потчинетост на црквата од страна на државата, потчинетост на државата од страна на црквата, заемно согласување и помагање и одвоеност на црквата од државата, односно државата од црквата.

**Третата глава** го анализира прашањето кое се однесува на поимот и одредувањето на секуларизацијата. Кандидатот ќе истакне дека кога се зборува за феноменот религија и религиозност секогаш неизбежно се наметнува прашањето поврзано со процесот на секуларизација, односно процесот на десакрализација. Секуларизацијата претставува еден од најконтраверзните општествени процеси. Во социологијата на религијата тешко може да се најде поим околу кој постојат толку контрадикторности како околу поимот секуларизација. Сите светски религии имаат одредено искуство со секуларазацијата, искуство проследено со одредени карактеристики кои се различни за секоја религија. Кандидатот ќе истакне дека христијанството за разлика од сите други живи религии има најбогато искуство со секуларизацијата. Дури и во самото христијанство, искуството со секуларизацијата е различно. За да се навлезе во суштината на поимот секуларизација како и во суштината на процесот на секуларизација, потребно е прво да се согледаат еволутивните промени во значењето на поимот секуларизација, односно промените во значењето кои ги имала до денес. Често секуларизацијата се смета за негација на религијата и целосно ослободување на општеството од религиското влијание. Ваквиот радикален став се нарекува секуларизам.

**Во четвртата глава** кандидатот анализираќи го прашањето кое се однесува на процесот на актуелната десекуларизација ќе ја истакне претпоставката дека сложеното време на глобализација проследено со општествено-економска и културна модернизација

ќе предизвика исчезнување на религијата. Напротив, сите тие процеси доведуваат до нејзина ревитализација. Кога зборуваме за религиозните промени во современите индустриски и постиндустриски општества, како и постсоцијалистичките и општествата во транзиција, десекуларизацијата станува неизбежен поим. Процесите на десекуларизацијата, односно враќање на религијата на светска сцена е нешто што го карактеризира современото општество. Но тоа незначи отфрлање на теоријата за секуларизација туку нејзино ревидирање. Кандидатот ќе истакне дека со воведувањето на политичкиот плурализам, како и измените во законската регулатива, доаѓа до олеснување на работата на религиските организации споредбено со периодот на социјализмот. Кај нас ревитализацијата на религијата започнува во почетокот на деведесттите година од минатиот век. Во почетокот, процесот на ревитализацијата на религијата се согледува преку ревитализацијата на актуелното обредно однесување. Ревитализацијата на религијата е можна само доколку претходно постојат одредени општествени услови. Според кандидатот, враќањето на религијата уште повеќе се потенцира во моментите на темелна општествена криза. Секако дека општествените случвања после распадот на социјализмот одат во прилог на ревитализацијата на религијата.

**Во петтата глава** кандидатот, анализирајќи, го прашањето кое се однесува на верската толеранција, ќе истакне дека има многубројни примери низ историјата како и во сегашноста кои ја потврдуваат поврзаноста на религијата со толеранцијата како на теоретски така и на практичен план. Религиската нетрпеливост била присутна во разни религии и во разни временски периоди. Прашањето на етничката, односно верската толеранција е посебно значајно во етничко и конфесионално хетерогени општества. И покрај тоа што и едната и другата религиска организација, односно МПЦ-ОА и ИВЗ, кои дјствуваат во испитуваното подрачје, стојат на ставот дека нивното учење е единствено исправно и единствено вистинито, сепак тоа не значи дека не постои верска толеранција. Таа е присутна и кај МПЦ-ОА и кај ИВЗ. Тие се приближуваат една кон друга и меѓусебно соработуваат, не доведувајќи ги во прашање основните догматски принципи на сопствените учења. Во последно време, а со оглед на некои случувања доста “чувствителна” е толеранцијата во Р Македонија, а секако и во охридско-струшкиот регион. Се позабележителна е поврзаноста на верските организации со политичките кругови, каде што и едните и другите излегуваат надвор од рамките на своите декларативни оределби.

**Во шестата глава** кандидатот, ја дава методолошката поставеност на истражувањето. Во овој дел, кандидатот ја поставува методолошката рамка на истражувањето, односно го формулира истражувачкиот приод, операционално го одредува предметот на истражувањето, ги одредува целите на истаржувањето, изворите на податоци, истражувачките техники и прави дизајнирање на примерокот.

**Во седмата глава,** кандидатот ги формулира хипотезите на истражувањето. Во овој дел, кандидатот ги формулира хипотезите на истражувањето и ја поставува генералната хипотеза каја гласи: религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион е неизедначена во поглед на верувањето, практикувањето и однесувањето кое произлегува од моралните ааспекти на религијата, како и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија, во зависност од социо-демографските обележја.

**Осмата глава** е посветена на анализата на резултатите од анкетното истражување. На почетокот, кандидатот ја прикажува општата слика на религозноста кај населението во охридско-струшкиот регион.Прашањата користени во анкетата во првиот дел од прашалникот се заеднички и за припадниците од едната и другата верска припадност, додека прашањата од вториот дел на прашалникот се различни и прилагодени според религиската припадност. Од добиените податоци можеме да заклучиме дека верувањето во светото и моделите на однесување на општеството кои

извираат од морлниот аспект на религијата како два сегмента на религиозноста се доста застапени кај населението на испитуваното подрачје. Во продолжение, кандидатот поединечно ги разработува хипотезите почнувајќи од првата хипотеза дека религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион во поглед на верувањето е неизедначена во зависност од социо-демографските обележја (верската припадност, полот, возраста, местото на живеење, брачната состојба, степенот на образование, занимањето, бројот на членовите во домаќинството и социјалниот статус). Врз основа на добиените податоци може да се заклучи дека се потврдува хипотезата дека религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион во поглед на верувањето е неизедначена во зависност од социо-демографските обележја како независни променливи. Во продолжение кандидатот ја разработува втората поединечна хипотеза дека религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион во поглед на религиското практикување е неизедначена во зависност од социо-демографските обележја. Врз основа на резултатите од анкетното истражување добиени од одговорите на прашањата кои се различни и адаптирани за испитаниците како од православна така и од исламска вероисповед може да се заклучи дека се потврдува хипотезата дека религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион во поглед на религиското практикување е неизедначена во зависност од социо-демографските обележја. Што се однесува до третата поединечна хипотеза дека религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион во поглед на однесувањето кое произлегува од моралните аспекти на религијата е неизедначена во зависност од социо-демографските обележја, врз основа на резултатите од анкетното истражување добиени од одговорите на прашањата, може да се заклучи дека се потврдува хипотезата дека религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион во поглед на однесувањето кое произлегува од моралните аспекти на религијата е неизедначена во зависност од социо-демографските обележја. На крајот од овој, дел кандидатот ја разработува и четвртата поединечна хипотеза дека религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион во поглед на познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија е неизедначена во зависност од социо-демографските обележја.

**Во заклучните согледувања**, кандидатот поентира со фактот дека и покрај тоа што сите сегменти на религиозноста не се подеднакво застапени, сепак степенот на религиозност кај населението во охридско-струшкиот регион е на доста високо ниво. Верувањето во светото, како и моделите на однесување во општеството кои извираат од моралниот аспект на религијата и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија се оние сегменти кои се доста застапени, односно скоро целосно прифатени од страна на испитаниците. Од самиот начин на прифаќање на религијата од страна на испитаниците може да се заклучи дека меѓу населението во охридско-струшкиот регион преовладуваат традиционалните верници Иако не станува збор за апсолутна генерализација дека во сите сегменти на религиозност во зависност од социо-демографските обележја е доминантна застапеноста на припадниците од една верска припадност, сепак ако ја гледаме верската припадност од аспект на вкупната религиозност, односно степенот на религиозност, може да се заклучи дека застапеноста на испитаниците со висок степен на религиозност е поголема кај испитаниците од исламска верска припадност, односно дека припадниците од исламска верска припадност покажуваат поголем степен на партиципација на религиозно однесување. Религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион влијае мошне силно врз зачестеноста на контактите со припадниците на другите конфесионални заедници, како и врз интегративните процеси.

**Предмет на истражување**

Предмет на ова истражување е религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион. Во ова истражување, религиозноста е операционализирана, односно согледувана во четири сегменти, односно зависни варијабли, и тоа: верувањето во светото, однесувањето на испитаниците во општеството кое извира од моралните аспекти на религјата, религиозната практика и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија. Целна група се сите лица постари од осумнаестгодишна возраст.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Во областа на социологијата на религијата, феномените на религијата, религиозноста и религиската толеранција не се доволно истражени во испитуваното подрачје на охридско-струшкиот регион.

**Краток опис на применетите методи**

Од методолошки аспект, цел на истражувањето се состои во употреба на веќе потврдена истажувачка техника за одредување на религиозноста кај населението. Методот на истражувањето е комбиниран, т.е истражувањето се состои од квантитативен и квалитативен пристап. Квантитативниот пристап опфаќа спроведување на анкети со испитаниците и обработка на прашалникот кој е изготвен за таа цел. Добиените сознанија се користени за потврда- негирање на хипотезите. За таа цел се анкетирани 400 испитаници од православна и исламска вероисповед. Еден дел од прашалникот е идентичен за двете конфесии, додека другиот дел е конструиран односно адаптиран посебно за секоја конфесија. Во првиот дел на прашалникот има низа на независни варијабли кои се однесуваат на социо-демографските облежја на испитаниците. Прашањата кои се однесуаат на верувањето, како и однесувањето кое произлегува од моралните аспекти на религијата се заеднички и за припадниците од едната и другата верска припадност. Додека прашањата кои се однесуваат на религиозната практика и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија се различни и приспособени според релиската припадност.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Врз основа на добиените резултати, најопшто можеме да го заклучиме следново: распространетоста на облиците на религиозност кај населението во испитуваното подрачје е на доста високо ниво. Во поглед на верувањето, состојбата е без некои значителни меѓусебни разлики. Според добиените резултати во охридско-струшкиот регион, повисок степен на религиозност е добиен кај припадниците од исламска вероисповед, припадници на женскиот пол, лицата кои се постари од 60годишна возраст, лицата со место на живеење во руралните средини, лицата кои се со брачен статус и лицата со понизок степен на образование. Религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион влијае мошне силно врз зачестеноста на контактите со припадниците на другите конфесионални заедници како и врз интегративните процеси. Повисок е процентот кај испитаниците припадници на исламската вероисповед кои се изјасниле дека човек може да се чувствува сигурен само ако живее во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од иста вера, дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање како и дека кон припадниците од друга вероисповед треба да се биде внимателен дури и кога ни се пријатели.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Башкими, со наслов „Религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион", претставува истражување во областа на социологијата на религијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација дава јасна слика за феноменологијата на религијата и религиозноста во истражуваната средина. Посебно се одговорило на прашањето дали

религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион е неизедначена во поглед на верувањето, практикувањето, однесувањето кое произлегува од моралните ааспекти на религијата, како и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија, во зависност од социо-демографските обележја и како сето тоа понатаму влијае врз интегративните процеси и процесите на толеранција во истражуваните средини.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Башким Башкими со наслов „Религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[3]. Автор-и: „ ____________ “, објавен: ________________ (назив на списанието, број, датум, импакт-фактор...)

[4]. Автор-и: „ ____________ “, објавен: ________________ (назив на списанието, број, датум, импакт-фактор...)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: утврдување дека религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион е неизедначена во поглед на верувањето, практикувањето, однесувањето кое произлегува од моралните аспекти на религијата, како и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија, во зависност од социо-демографските обележја.

Подрачјето на примена и ограничувањата се во областа на социологијата на религијата.

Можните понатамошни истражувања се во насока на проучување на влијанието на религијата и религиозноста во религиозно хетерогени средини во Р Македонија.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Башким Башкими** со наслов **Религиозноста кај населението во охридско-струшкиот регион.**

**КОМИСИЈА**

**1. Проф. д-р Илија Ацески, претседател, с.р.**

**2.Проф. д-р Зоран Матевски, ментор, с.р.**

**3. Проф. д-р Аница Драговиќ, член, с.р.**

**4. Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова, член, с.р**

**5. Проф. д-р Марија Дракуловска Чукалеска, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АМЕРИКАНСКА КНИЖЕВНОСТ 1 И 2 И ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД МОДУЛОТ ПО АМЕРИКАНСКИ СТУДИИ НА КАТЕДРАТА ЗА АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 66. редовна седница одржана на 1.6.2016 година, врз основа на чл. 63 од Законот за високото образование и чл. 42 од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на еден наставник (во сите звања) по предметите: американска книжевност 1 и 2 и група предмети од модулот по американски студии на Катедрата за англиски јазик и книжевност, во следниот состав:

1. д-р Зоран Анчевски, редовен професор
2. д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор
3. д-р Соња Витанова-Стрезова, вонреден професор.

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) по наставните предмети американска книжевност 1 и 2 и група предмети од модулот по американски студии на Катедрата за англиски јазик и книжевност (конкурсот е објавен во весникот „Нова Македонија“ и „Коха“ на 10.5.2016 година) се пријавил еден кандидат: д-р Румена Бужаровска. Врз основа на доставените потребни материјали, како и врз онова на познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## 1. Биографски податоци на кандидатката

### 1.1. *Образование и квалификации*

Од поднесената кратка биографија на кандидатката д-р Румена Бужаровска ги извлекуваме следниве неопходни податоци: родена е 1981 година во Скопје, Република Македонија. Основното образование го стекнала во родниот град, а средното образование го започнала во него, а го завршила во

САД. По враќањето се запишала на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и студиите ги завршила со просек 9,77. На истата Катедра и Факултет продолжила со постдипломски студии и магистрирала со одбрана на трудот на тема „Пародијата во американскиот расказ од 20 век претставена низ анализа на расказите на Џејмс Турбер, Фланери О'Конор, и Вуди Ален“ во 2008 година, а веднаш по магистрирањето пријавила и докторска дисертација од областа на книжевноста со наслов „Универзалното, локалното и индивидуалното во хуморот на американскиот и македонскиот расказ во втората половина на 20 и почетокот на 21 век“, која успешно ја одбранила во 2011 година и се здобила со звањето доцент.

### 1.2. *Работно искуство*

Својата наставно-образовна дејност Румена Бужаровска ја започнала како професор по англиски јазик во Центарот за странски јазици во Скопје, кадешто работела од 2002 до 2005 година. Истовремено, од учебната 2003 до учебната 2005 година, таа е ангажирана и од Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ како демонстратор по предметите англиска книжевност 1, англиска книжевност 2 и современ англиски јазик 2, а во 2006 година, таа се вработува како лектор по англиски јазик при Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и ја изведува наставата на ниво на втора и четврта година од студиите (Б2 и Ц2 - ниво). На покана од Државниот универзитет на Аризона во Темпи, САД, во јуни и јули 2007 година работи како лектор на интензивен летен курс по македонски јазик, а по завршувањето на магистерските студии, во 2009 година била избрана за виш лектор по англиски јазик. По стекнувањето на титулата доктор по филолошки науки се здобива со звањето доцент по американски студии, па така од 2016 година ги предава предметите американска книжевност 1 и 2, американски расказ 2, а држи и вежби по академско пишување во рамките на предметите современ англиски јазик 7 и 8. Во текот на летото во 2012 година таа повторно работела како лектор по македонски јазик на Државниот универзитет од Аризона во Темпи, САД. Во меѓувреме, во рамките на својот работен ангажман, организирала и седум студентски трибини за критичко мислење „Отстапка“ (заедно со доц. д-р Елена Ончевска-Агер), ја вршела работата на секретар на Катедрата за англиски јазик и книжевност и била

избирана за член на различни комисии на Факултетот. По покана, д-р Румена Бужаровска има одржано повеќе предавања на тема книжевност и хумор на УКИМ, на Freie Universität во Берлин, Германија, на Универзитетот Монаш во Мелбурн, Австралија, во гимназијата „Нова“ во Скопје и во неколку други центри и организации. За својата наставно-педагошка дејност, кандидатката д-р Румена Бужаровска е позитивно оценета во спроведената анкета на студентите.

### 1.3. *Стипендии, студиски престои и награди*

Д-р Румена Бужаровска е добитник на повеќе стипендии, студиски престои и награди за својата дејност, меѓу кои и стипендијата на организацијата за култура и образование *KulturKontakt* од Австрија (2006), на Домот на авторите во Грац, Австрија (2008), на Центарот за преведување и пишува на Парос, Грција (2011), на Катедрата за американски студии на Универзитетот во Грац, Австрија (JOIN-EU 2012), на Институтот за американски студии JFK при Freie Universität во Берлин, Германија (2015). Како резиденцијален автор престојувала и во Белград, Србија (2013) и Сплит, Хрватска (2016).

Во 2014 година, таа е добитник на две награди како резултат на успешна организација на курс по американски студии преку далечинска настава во соработка со професорите Стивен Фолк и Карин Улом од Универзитетот Отава во Канзас, САД.

Како автор на неколку книги куса проза, д-р Румена Бужаровска учествувала и на повеќе меѓународни книжевни фестивали во Хрватска, Србија, Словенија, Австрија, Германија, како и на дебати и тркалезни маси кадешто изложува свои реферати на теми од областа на книжевнста и културата (види: Анекс 2).

### 1.4. *Трудови, преводи и учества на собири, работилници, симпозиуми и конференции*

Од списокот на објавени трудови заклучуваме дека кандидатката д-р Румена Бужаровска, покрај ангажманот во наставно-образовната дејност,

особено е активна и како истражувач и критички проследувач на теми од областите на англо-американската литература, културологијата, книжевниот превод, како и од областа на книжевноста, телевизијата и филмот. Своите трудови ги има објавувано во угледни домашни и странски пишувани и електронски списанија и медиуми, а со свои трудови има земено забележително учество на повеќе научни собири, симпозиуми и конференции во земјата и во странство (види: Анекс 2).

Д-р Румена Бужаровска е авторка на научноистражувачки и стручно-уметнички трудови од полето на книжевноста. Во 2004 и 2005, таа е приредувач на две антологии на Струшките вечери на поезијата – „Мостови“, како и коавтор на предговорите од овие антологии. Таа е, исто така, и приредувач на Зборникот на трудови од Меѓународната конференција по повод прославата на 50-годишнината од постоењето на Катедрата за англиски јазик и книжевност, каде што објавува свој труд од полето на американскиот расказ и пародијата. Таа објавила неколку трудови од полето на американскиот расказ, пародијата и хуморот во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет (2009), во електронското компаратистичко списание *Мираж* (2010, 2011). Таа е автор на три труда што се занимаваат со темата на „Алиса во земјата на чудата“ и „Алиса во светот на огледалото“, од кој едниот е објавен како поговор на преводот на последното дело, додека другите два се јавуваат во тротомна монографија во САД посветена на преводите на „Алиса во земјата на чудата“ на јазиците низ светот (*Alice in a World of Wonderlands*, 2015: Oak Knoll Press). Во 2012 година, „Блесок“ ја објавува нејзината монографија за хуморот „За смешното: теориите низ хуморот низ призмата на расказот“, а трудови во областа на хуморот и книжевноста објавила и во годишните зборници на Филолошкиот факултет (2011, 2014), како и во зборникот „Сите лица на смешното“ (2013). Нејзините трудови се појавуваат и во меѓународни зборници („Europa Neu Denken”, 2016 и „Belgrade English Language and Literature Studies“, 2012). Други научноистражувачки трудови објавила во списанијата *Литературен збор* (2012) и *Културен живот* (2015). Напишала и два стручни осврта за делата „Ладнокрвно убиство“ од Труман Капоти, како и „Срамота“ од Џ.М. Куци, дела кои исто така ги превела на македонски јазик.

Тука е неопходно да се посочи и на стручно-апликативната, т.е. преводната активност на Румена Бужаровска што е од клучна важност за развојот на секој филолог и книжевен преведувач. Имено, таа има преведено на македонски јазик повеќе дела од врвни светски автори, како што Џ. М. Куци

(*Животот и времињата на Мајкл К.*, 2007, Срамота, 2013), Луис Карол (*Алиса во земјата на чудата*, 2009), Труман Капоти (*Ладнокрвно убиство*, 2012) и Ричард Гвин (*Бојата на песот што бега*, 2013), а со свои преводи на Чарлс Буковски зела учество и во антологијата *Американски авангардни поети* (2015). Таа е автор на бројни преводи на македонска поезија на англиски јазик (Петар Т. Бошковски, Владимир Мартиновски, Ефтим Клетников, Петко Дабески), како и англиски јазик на македонски (Анџело Суарез, Анастасос Серефас, Амир Ор) кои се појавуваат во изданијата на Струшките вечери на поезијата, македонското списание *Стожер* и американското списание *Visions*. Покрај книжевните преводи, таа работела и стручни преводи од областа на музиката и музикологијата за потребите на Институтот за истражување и архивирање на Македонија (IRAM), како и преводи од областа на општествено-политичките науки кои се појавуваат во списанијата *Блесок* и *Идентитети*.

Покрај научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, д-р Бужаровска организирала и учествувала во повеќе проекти, научни конференции, поетско-прозни фестивали и преведувачки и просветни работилници. Во 2003, 2004 и 2005 година е активен член на I, II, и III преведувачка работилница во рамките на фестивалот „Струшки вечери на поезијата“. Од 2003 до 2007 година е дел од Проектот за академско пишување на Катедрата за англиски јазик и книжевност во соработка со Британскиот совет, со што се овозможи успешно да се воведе предметот академско пишување во рамките на часовите по современ англиски јазик во сите осум семестри. Од април 2010 година, таа е помошник - координатор на уште еден проект при Катедрата за англиски јазик и книжевност – проектот за отворање на американски студии при оваа Катедра. Во рамките на овој проект, таа организира и учествува во две работилници од полето на американските студии, каде што се изработени наставните програми за воведување на модул американски студии на Филолошкиот факултет. Покрај учеството во ваквите проекти и работилници, како и во нивната организација, д-р Румена Бужаровска учествувала и гостувала на повеќе меѓународни конференции. Во 2005 година Бужаровска учествува на Vilem Mathesius Lecture Series – предавања при Центарот за истражување и образование во семиотика и лингвистика на Карловиот универзитет во Прага. Во јуни 2006 година учествувала на меѓународната конференција *Promoting translations – ideas, practices, innovations* во организација на KulturKontakt и Next Page. Во септември 2008 година е организатор и учесник на меѓународната конференција по повод прославата на 50 - годишнината од постоењето на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет. Во јуни

2009 година учествува на 9. Интернационална летна школа и симпозиум за хумор и смеа во Гранада, Шпанија, а во септември истата година учествувала на 14. Меѓународно биенале на млади уметници – област: литература. Во ноември 2009 година учествувала на меѓународната конференција за писатели и преведувачи *Übersetzer als Interkulturelle Vermittler – Literatur finden, übersetzen, verbreiten*. Во октомври 2012 учествувала на Меѓународната конференција на ЕЛТАМ во Скопје, а во 2012 на Меѓународната конференција при Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Белград. Во 2013 година презентирала реферат на Глобалната конференција за образование со професорот Стивен Фолк, со кого организира и говори на меѓународна студентска конференција во 2014 година. Во 2013 и 2014 учествувала на меѓународните конференции при Филозофскиот факултет во Ниш, Србија, а во 2014 на меѓународна конференција при Филозофскиот факултет во Загреб, Хрватска. Д-р Бужаровска учествувала на меѓународна конференција во Дубровник, Хрватска, во 2015, а во 2016 ја организирала и презентирала на меѓународната англистичка конференција при Филолошкиот факултет во Скопје, во чии рамки учествувала и на две работилници.

Покрај богатата активност во доменот на научноистражувачката, наставната и преведувачката дејност, д-р Бужаровска е и активна писателка. Таа е авторка на три збирки раскази: *Чкртки* (2007), *Осмица* (2010) и *Мојот маж* (2014), која бележи две реизданија. Таа објавувала раскази во домашни и странски списанија и монографии: *Best European Fiction 2016*, *Manuskripte, Ostragehege, Lichtungen, Wespennest*, *Buchkultur, Književna Revija, Kikinda Short, Beton, Treći trg, Блесок, Маргина, Окно, Strane*... Во 2015 година во Хрватска е објавена во превод нејзината збирка *Осмица*, а во 2016 и збирката *Мојот маж*.

Д-р Румена Бужаровска е уредник во меѓународното списание за книжевност и култура „Блесок“ (оддел: проза), а од 2016 година е учесник во меѓународниот научен COST - проект „Компаративна анализа на теориите на заговор“.

## 2. **Заклучок и предлог**

Од погоре изнесеното се наметнува заклучокот дека образовниот и стручниот потенцијал, соодветното работно искуство што го поседува

кандидатката д-р Румена Бужаровска, но и нејзиниот постојан континуитет во напредокот како академски истражувач, говорат дека во нејзиниот случај се работи за извонредно погоден и соодветен наставен профил за предметите од областа на американската книжевност. Имајќи ја исто така предвид комплетноста на нејзината личност, може лесно и сигурно да се предвиди дека кандидатката д-р Румена Бужаровска и понатаму ќе продолжи да се развива и надградува во педагошката, научноистражувачката и преведувачката област.

Затоа, Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Румена Бужаровска во целост ги исполнува критериумите за избор на еден наставник (во сите звања) според Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во звањето вонреден професор по наставните предмети од областа ***аериканска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност, да ја избере кандидатката д-р Румена Бужаровска.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Д-р Зоран Анчевски, ред. проф., с.р.
2. Д-р Рајна Кошка-Хот, ред. проф. , с.р.
3. Д-р Соња Витанова-Стрезова, вонр. проф. , с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Румена Димитрије Бужаровска**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: Американски студии и американска книжевност**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Одржување на настава од прв циклус студии** | | |
| 1. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите современ англиски јазик 7 и американска книжевност 1, во зимскиот семестар 2011, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (14 часа неделно) | 8.4 |
| 2. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите современ англиски јазик 8 и американска книжевност 2, во летниот семестар 2012, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (14 часа неделно) | 8.4 |
| 3. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите американска книжевност 1, американски расказ 1 и современ англиски јазик 3, во зимскиот семестар 2012, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (10 часа неделно) | 6 |
| 4. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите американска книжевност 2, американски расказ 2 и современ англиски јазик 4, во летниот семестар 2013, на | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (10 часа неделно) | |
| 5. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите американска книжевност 1, американски расказ 1 и современ англиски јазик 3, во зимскиот семестар 2013, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (10 часа неделно) | 6 |
| 6. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите американска книжевност 2, американски расказ 2 и современ англиски јазик 4, во летниот семестар 2014, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (10 часа неделно) | 6 |
| 7. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите американска книжевност 1, американски расказ 1 и современ англиски јазик 7, во зимскиот семестар 2014, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (10 часа неделно) | 6 |
| 8. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите американска книжевност 2, американски расказ 2 и современ англиски јазик 8, во летниот семестар 2015, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (10 часа неделно) | 6 |
| 9. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите американска книжевност 1, американски расказ 1 и современ англиски јазик 7, во зимскиот семестар 2015, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (10 часа неделно) | 6 |
| 10. | Предавања и вежби од прв циклус студии по предметите американска книжевност 2, американски расказ 2 и современ англиски јазик 8, во летниот семестар 2016, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје (10 часа неделно) | 6 |
| 11. | Одржување вежби како лектор по предметот македонски јазик на Државниот универзитет на Аризона во Темпи, САД, јуни-јули 2012 година (7 недели x 25 часа неделно) | 7 |
| **Консултации со студенти (Катедра за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје)** | | |
| 12. | Зимски семестар 2011 (626 студенти) | 1.3 |
| 13. | Летен семестар 2012 (226 студенти) | 0.45 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Зимски семестар 2012 (258 студенти) | 0.5 |
| 15. | Летен семестар 2013 (258 студенти) | 0.5 |
| 16. | Зимски семестар 2013 (262 студенти) | 0.26 |
| 17. | Летен семестар 2014 (132 студенти) | 0.26 |
| 18. | Зимски семестар 2014 (132 студенти) | 0.26 |
| 19. | Летен семестар 2015 (130 студенти) | 0.26 |
| 20. | Зимски семестар 2015 (110 студенти) | 0.22 |
| 21. | Летен семестар 2016 (110 студенти) | 0.22 |
| **Настава во работилници** | | |
| 22. | 25-27 октомври 2012: учество во работилница за академско пишување при Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје, под раководство на проф. д-р Тереза О'Брајен | 1 |
| 23. | 7-8 март 2016: учество во работилница за американски студии во рамките на меѓународната конференција при Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје, под раководство на проф. д-р Мајкл Арон Рокланд | 1 |
| 24. | 10 март 2016: учество во Работилница за меѓународно онлајн учење во рамките на меѓународната конференција при Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје, под раководство на проф. д-р Стивен Фолк | 1 |
| 25. | **Ментор на дипломски работи:** 28 кандидати | 5.6 |
| 26. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**<br><br>Кандидати: м-р Марија Гиревска, м-р Мерсиха Исмајлоска, м-р Силвана Нешковска. | 1.5 |
| 27. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура:**<br><br>Кандидат: Филип Благадуша | 0.3 |
| 28. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа:** 26 кандидати | 2.6 |
| 29. | **Ментор за изработка на семинарски или истражувачки труд:** 25 кандидати | 0.75 |

| Уредник на зборник на текстови за одреден предмет | | |
|---|---|---|
| 30. | Американски расказ 1 | 2 |
| 31. | Американски расказ 2 | 2 |
| **Пакет материјали за одреден предмет** | | |
| 32. | Американска книжевност 1 | 1 |
| 33. | Американска книжевност 2 | 1 |
| | **Вкупно:** | **95.78** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во меѓународен научен проект**: COST Компаративна анализа на теориите на заговор | 5 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **83** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **41** |
| **Вкупно:** | **245, 16** |

Рецензентска комисија

Проф. д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Марија Јанева Михаиловска, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Зозе Мургоски, редовен професор, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГЛАГОЛСКАТА Л-ФОРМА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК СО ОСВРТ НА ЕКВИВАЛЕНТИТЕ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК“ ОД М-Р АЛЕКСАНДРА ПАНДИЛОВСКА-ТАНЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, на седницата одржана на 29.6.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Пандилоска-Танеска со наслов „Глаголската л-форма во македонскиот јазик со осврт на еквивалентите во албанскиот јазик“, во состав: проф. д-р Агим Пољоска (претседател), проф. д-р Анета Дучевска (ментор), проф. д-р Марјан Марковиќ (член), проф. д-р Станислава Сташа Тофоска-Јанеска (член) и проф. д-р Искра Пановска-Димкова (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Пандилоска-Танеска со наслов „Глаголската л-форма во македонскиот јазик со осврт на еквивалентите во албанскиот јазик“, содржи 190 страници компјутерски обработен текст во фонт Calibri, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 12 фусноти, 128 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 3 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува и на терминолошките разлики во двата јазика во однос на глаголските конструкции што се предмет на интерес во трудот.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Дијахрониски и синхрониски развој на глаголската л-форма“. Во неа се анализирани основните значења на посочената форма, како и образувањето на таа форма од несвршени и свршени глаголи. Понатаму, даден е преглед на сложените глаголски форми во чие образување влегува л-формата: минато неопределено време, предминато време, идно прекажано време и можен начин. За сите овие форми, во одделни точки наведени се и различните значења што можат да се изразат со преку нив. На пример, за минатото неопределено време се наведуваат следниве значења: назасведоченост, неопределеност, прекажаност, резултативност, претпоставка, директно кажување, заповед, закана, севременост, дистанца, евиденцијалност, изненаденост, дубитатив, констатација. Сето ова е илустрирано со примери од ексцерираниот корпус, и е проследено со коментари и објаснувања од страна на кандидатката. При анализата кандидатката го зема предвид контекстот како клучен фактор за утврдување на различните значења, како и категоријата лице, кое исто така игра важна улога при изведувањето заклучоци за функцијата и значењето на л-формата во посочените сложени глаголски времиња.

**Втората глава** ги анализира минатите времиња во албанскиот јазик. Како што наведува кандидатката, во глаголскиот систем на албанскиот јазик врската меѓу категориите начин и време е многу тесна. Во некои случаи граматичкиот показател за начин претставува и показател за време (на пр. кај адмиративот), и обратно, граматичкиот показател за време претставува и показател за начин – на пр. кај индикативот. За изразување минати дејства, во албанскиот јазик се користат две прости времиња: имперфект (koha e pakryer) и аорист (koha e kryer e thjeshtë), како и три сложени: минато неопределено време (koha e kryer), предминато време (koha më se e kryera), и втор плусквамперфект (koha e kryer e tejshkuar). Сложените времиња се образуваат со помошните глаголи имам (kam) и сум (jam), и со партиципна форма од преодни и непреодни глаголи. Покрај овие форми во индикатив, во албанскиот јазик се користи и сложената форма адмиратив (mënyra habitore), која внесува модално значење во исказот. Формите и значењата на посочените глаголски конструкции, кандидатката ги илустрира со примери од ексцерпираниот корпус. Анализата е придружена со коментари и објаснувања. Во една од потточките на ова поглавје кандидатката прави контрастивна анализа на л-формата во македонскиот јазик и еквивалентите во албанскиот јазик.

**Третата глава** ја содржи анализата направена врз ексцерпираниот корпус. Корпусот го сочинуваат примери од различни функционални стилови: а) на македонски јазик: уметничко-литературен стил (едно преведено дело и три оригинални); публицистички стил (дневни весници во период од една година); административен стил (примери од Судски деловник); научен стил (учебници, научни статии, реферати); б) на албански јазик: уметничко-литературен стил (еден роман и една критика); публицистички стил (дневни весници во период од една година); научен стил (учебници). Ексцерпираните примери кандидатката ги користи за илустрација на сите претставени форми и значења во кои се јавува л-формата во македонскиот јазик и соодветните форми во албанскиот јазик. Исто така, кандидатката ги преведува примерите од македонскиот корпус на албански, со цел да ги покаже можните преводни решенија за односните форми.

Во заклучните согледувања, кандидатката ги сумира резултатите добиени од спроведената анализа. Според неа, значењата што ги изразува л-формата во рамките на сложените глаголски времиња во голема мера се поклопуваат со значењата што ги изразуваат соодветните глаголски конструкции во албанскиот јазик. Од формален аспект, разликите се гледаат во помошниот глагол како дел од конструкцијата: во македонскиот јазик се јавува *сум*, додека во албанскиот се употребуваат *сум (jam)* и *имам (kam)*. Како карактеристична форма за албанскиот јазик, кандидатката го издвојува адмиративот (mënyra habitore), за која вели дека постојат колебања во однос на еквивалентитте во македонскиот јазик, особено кога со таа форма се изразува сомнеж, несогласување, иронија од страна на зборувачот. Како придружно средство кон постојните глаголски конструкции во македонскиот јазик, за изразување на овие значења се користи интонацијата.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување во дисертацијата е глаголската л-форма во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во албанскиот јазик.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Контрастивните македонско-албански јазични проучувања биле предмет на интерес кај македонски и албански лингвисти, но, пред сè, тие биле предмет на интерес кај странски проучувачи, како дел од областа балканистика. За одбележување е

тенденцијата и зголемениот интерес за развивање на вакви контрастивни проучувања во македонската средина преку магистерски и докторски дисертации.

**Краток опис на применетите методи**

Во дистертацијата се користени дескриптивен метод и контрастивна анализа.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Покрај заклучоците од контрастивната анализа, трудот дава голем корпус на примери од различни функционални стилови во двата јазика. Примерите се од понов датум и со тоа ја отсликуваат актуелната состојба во однос на употребата на конструкциите во кои влегува л-формата и нивните еквивленти во албанскиот јазик.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Пандилоска-Танеска, со наслов „Глаголската л-форма во македонскиот јазик со осврт на еквивалентите во албанскиот јазик", претставува истражување во областа наука за јазикот – македонистика. Изработката на темата на оваа докторска дисертација придонесува за продлабочување и проширување на контрастивните јазични проучувања меѓу македонскиот и албанскиот јазик (се наведува целта и очекуваниот научен придонес).

Докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Пандилоска-Танеска, со наслов „Глаголската л-форма во македонскиот јазик со осврт на еквивалентите во албанскиот јазик", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Александра Танеска, Благојка Здравковска-Адамова, International journal of linguistic. Lingvistik' (ISSN 1986-4450), ***Минати дејства со формите на минато определено свршено време (аорист) во македонскиот и во албанскиот јазик*** (журнал – online 2014).

[2]. Александра П. Танеска, Благојка Здравковска-Адамова, Наставно помагало за студентите на УЈИЕ - **второ издание** ***„Македонски јазик како странски јазик (за студентите на УЈИЕ)"***, Алма Скопје 2015, ISBN 978-608-248-000-8.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се: продлабочување на истражувањата во однос на меѓујазичните интерференции во двата јазика како резултат на влијанието на социолингвистички и прагматички фактори.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: резултатите од истражувањето може да се применат во наставата по македонски јазик за студенти со албански јазик како мајчин во однос на усвојувањето на л-формата, и обратно, за студенти со македонски јазик како мајчин во однос на усвојувањето на еквивалентите на л-формата во албанскиот јазик. Подрачјето на примена може да се гледа и во областа на преведувањето од едниот кон другиот јазик. Ограничувања се забележуваат во отсутвото на ексцерпиран материјал од говорениот јазик, како и на статистички податоци за употребата на односната форма.

Можните понатамошни истражувања се: анализа на состојбите во поглед на употребата на л-формата кај македонските родени зборувачи; начинот на кој се изразуваат значењата на сложените глаголски форми во чие образување влегува л-формата кај албанските родени зборувачи; степенот на усвојување на л-формата кај албанските родени зборувачи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Александра Пандилоска-Танеска** со наслов **Глаголската л-форма во македонскиот јазик со осврт на еквивалентите во албанскиот јазик.**

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Агим Пољоска, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Анета Дучевска , ментор, с.р.**
3. **Проф. д-р Марјан Марковиќ, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Станислава Сташа Тофоска-Јанеска, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Искра Пановска-Димкова, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ОВОШТАРСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт - Скопје, објавен во весниците “Koha” од 18.4.2016 година и “Утрински весник” од 19.4.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) овоштарство, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-385/3, донесена на 30.5.2016 година, и дополнета со Одлука бр. 02-570/4, донесена на 10.8.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Митрески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Радмила Спировска, научен советник во Земјоделскиот институт во Скопје и д-р Лазар Сиваков, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) овоштарство, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Ана Селамовска.

### 5. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Ана Селамовска е родена на 8.7. 1966 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во 1984 година. Со високо образование се стекнала на Земјоделскиот факултет во Скопје, во 1988 година. Дипломирала на 22.12.1988 година, на лозаро-овоштарската насока, со просечен успех 8,78. Била студент на генерацијата.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1989/90 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, на групата генетика и селекција на растително производство. Студиите ги завршила со просечен успех 9,33. На 24.6.2014 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Развиток на репродуктивните органи кај некои сорти бадеми во услови на Скопско*.

Во периодот од 1.5.1990 до 30.4.1993 година работела како помлад асистент на предметот генетика при Катедрата за генетика и селекција на Земјоделскиот факултет во Скопје. Во периодот 1993-1998 година е невработена. Во 1998 година се вработила во Земјоделскиот институт, Оддел за овоштарство, како асистент и раководител во Одделението за јагодесто овошје, а подоцна според внатрешната организациона поставеност, во Одделението за овоштарство.

Докторска дисертација пријавила во 2002 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Дисертацијата на тема: *Модифицирани начини на производство на саден материјал кај јагодата и органогенеза на репродуктивните органи* ја одбранила на 7.7.2006 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Борис Ристевски, проф. д-р Цане Стојкоски, проф.д-р Петко Колеќески, проф.д-р Христо Поповски и проф.д-р Марјан Кипријановски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на земјоделски науки.

На 15.12.2006 година е избрана во звањето научен соработник (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.909) во областа овоштарство. Со наставно-научното звање доцент се стекнала во 2009 година (Одлука бр. 1802-194/5 од 27.12 2009).

Во моментот е вонреден професор во Земјоделскиот институт. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1016 од 3.10.2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 795 од 4.2.2002, бр. 909 од 15.12.2006 година, бр. 1016 од 3.10.2011 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Земјоделски институт, кандидатката д-р Ана Селамовска изведува настава и вежби на втор циклус студии на студиската програма растително производство, во две потпрограми: расадничко производство и органско производство. На потпрограмата расадничко производство изведува настава и вежби на дел од предметот помологија и предметот сорти и подлоги. На потпрограмата органско производство изведува настава и вежби на предметот самоникната овошна флора.

Д-р Ана Селамовска учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на еден магистерски труд. Учествувала во работата на осум работилници.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

### Научноистражувачка дејност

Д-р Ана Селамовска во периодот по изборот за вонреден професор има објавено вкупно 33 научни трудови од научната област овоштарство, од кои 7 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 14 труда во меѓународни научни списанија и 12 труда во зборници од научни собири.

Д-р Ана Селамовска во периодот по изборот за вонреден професор има учествувано во 2 национални научни проекта и 1 меѓународен научен проект.

Со реферати со усна и постерска презентација има вкупно 8 учества на научно/стручни собири во земјата и во странство:

-Third International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, Lozenec, Bugarija, 8-10 June, 2011;
-Fourth International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, Lozenec, Bugarija, 2013;
-Fifth International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, 24-28 June, 2015;
-Petog megjunarodnog kongresa “Ekologija, zdravlje, rad, sport”, Banja Luka, 2012;
-SEEDnet the way ahead, -SEEDnet the way ahead, Cropsustain workshop, Ljubljana, 2014;
-Техномa 2013, октомври, Скопје;
-Техномa 2014, 15-18 октомври, Скопје;

-Техноa 2015, 13-17 октомври, Скопје.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**
**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Ана Селамовска е вклучена во стручно-апликативната работа на Земјоделскиот институт во Скопје. Во периодот по изборот за вонреден професор има објавено 2 монографии (Скопје, 2013 и Саарбрукен, Германија, 2013) и 1 стручна книга (Њујорк, 2014) објавена во меѓународно призната издавачка организација, со фактор на влијание.

Остварува експертски активности од областа на стручната контрола на производството на материјал за размножување и саден материјал од овошни култури.

Особена активност д-р Ана Селамовска покажува во дејностите од поширок интерес. Била вклучена во работата на стручни комисии, работни групи и здруженија:

- основач на Здружението на иноватори “Михајло Пупин” од Скопје;
- член на Здружението на иноватори “Михајло Пупин” од Скопје;
- член на Prunus working group ECPGR;
- член на Инфо Агри нет ;
- член на Оценувачка комисија за Државен натпревар на млади истражувачи во областа на растителната физиологија;
- член на Оценувачка комисија за Државен натпревар на млади техничари и природници во областа на применетата биологија;
- член на Комисија за потсекторска постојана група за овошје (ППГО) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија;
- член на Комисија за автохтони сорти при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија;
- член на Комисија за описна листа на препорачани сорти за овошни растенија и винова лоза при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

Била член на 2 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Реализирала обуки од областа на овоштарството во земјата (Скопје, 4.10.2014; Скопје, 19.10.2015 и 26.10.2015). Врши акредитација на лабораториски методи.

Д-р Ана Селамовска има освоено 3 награди (1 бронзен и 2 сребрена медала), самостојно и во тим, на меѓународниот саем за иновации, Технома, Скопје, 2013, 2014 и 2015 година.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Ана Селамовска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Земјоделски институт.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ана Селамовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ана Селамовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област овоштарство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Ана Селамовска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област овоштарство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Митрески, редовен професор, претседател, с.р

Д-р Радмила Спировска, научен советник, член, с.р

Проф. д-р Лазар Сиваков, редовен професор,член, с.р

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ана Томислав Селамовска**

________________________________________________________________

(име, татково име и презиме)

**Институција: УКИМ- Земјоделски институт**

________________________________________________________________

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: овоштарство**

________________________________________________________________

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство, потпрограма расадничко производство: помологија (4+0)(1/2) | 7,5 |
| 2. | Одржување на вежби од втор циклус студии: студиска програма растително производство, потпрограма расадничко производство: помологија (0+4) | 4,5 |
| 3. | Подготовка на нов предмет-предавање | 1 |
| 4. | Подготовка на нов предмет-вежби | 0,5 |
| 5. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство, потпрограма расадничко производство: сорти и подлоги (4+0)(1/4) | 3,75 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Одржување на вежби од втор циклус студии: студиска програма растително производство, потпрограма расадничко производство: сорти и подлоги (0+4) | 2,25 |
| 7. | Подготовка на нов предмет-предавање | 1 |
| 8. | Подготовка на нов предмет-вежби | 0,5 |
| 9. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство, потпрограма органско производство: самоникната овошна флора (3+0) | 9 |
| 10. | Одржување на вежби од втор циклус студии: студиска програма растително производство, потпрограма органско производство: самоникната овошна флора (0+1) | 1,5 |
| 11. | Подготовка на нов предмет-предавање | 1 |
| 12. | Подготовка на нов предмет-вежби | 0,5 |
| 13. | Учество во работилница: Стратегија за иновации и технолошки развој, активности и идни планови со посебен осврт на изворите за финансирање на иновации (2013) | 1 |
| 14. | Учество во работилница: Можности за финансирање на иновативни проекти со кредитни средства од Фондацијата Кримсон (2013) | 1 |
| 15. | Учество во работилница: Стратешко планирање (5-6.4.2012, Струмица), Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој | 1 |
| 16. | Учество во работилница: Подготовка на Предлог за модификација на Националните програми за поддршка и ИПАРД, 19-20.2.2013, Струмица, Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој | 1 |
| 17. | Учество во работилница: Финансирање и осигурување во земјоделството, 28.2.2013, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р Македонија | 1 |
| 18. | Учество во работилница: Тркалезна маса за закон за квалитет на земјоделски производи и подзаконски | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | акти кои ја регулираат областа на овошје и зеленчук, 16.4.2013, Струмица, Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој. | |
| | Учество во работилница: Crop sustain workshop, SEED net the way ahead, Ljubljana, Slovenia, 5-6 November, 2014 | 1 |
| 19. | Учество во работилница: Expert mission on developing a list of seed varieties towards the establishment of the gene bank, TAEX, May, 2014 | 1 |
| 20. | Член во Комисија за втор циклус студии на ЗИ | 0,1 |
| 21. | Член во Комисија за одбрана на магистерски труд (ФЗНХ) | 0,3 |
| | **Вкупно** | **41,4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во меѓународен проект: Еколошко производство на јагоди преку примена на микробиолошко ѓубриво, МЗШВ, 2012-2013, бр. 08-2593/1 | 5 |
| 2. | Учесник во национален проект: Зајакнување на јавно-приватниот дијалог преку поефикасно застапување на вредносните синџири за свежо овошје и зеленчук, МЗШВ, 2012-2013 | 3 |
| 3. | Учесник во национален проект: Интеграција на екологијата во наставата, Министерство за животна средина, 2012-2013 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни резултати објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 4. | S. Kratovalieva, M. Srbinovska, G. Popsimonova, A. Selamovska, V. Meglic, V. Andjelkovic. (2012). Ultrasound influence on coleoptile length at Poaceae seedlings as valuable criteria in prebreeding and breeding processes. Genetika, vol. 44, No.3, (561-570) | 3,6+ИФ (0.372) |
| 5. | A. Selamovska, S. Kratovalieva, K. Nikolic. (2013). Interaction of environment conditions and genotypes on expression of genetic background in microphenophases of strawberry mixed flower bud. Genetika, 45 (1), (181-188) | 4,8+ИФ (0.372) |
| 6. | A. Selamovska, S. Kratovalieva, S. Petrovic, M. Dimitrijevic. (2013). Microphenophases on some junebearing strawberry varieties in region of Skopje. Bulgarian Journal of Agricultural science, 19, No.4, (714-718). | 3,6+ИФ (0.136) |
| 7. | V. Dimovska, V.I. Petropulos, A. Selamovska, F. Ilieva. (2014). Flame seedless grape variety (Vitis vinifera L.) and different concentration of gibberelic acid (GA3). Bulgarian Journal of Agricultural science, 20, No.1, (137-142). | 3,6+ИФ (0.136) |
| 8. | Z. Nikolic, K. Nikolic, A. Selamovska, A. Krstic. (2014). Production of strawberry (Fragaria x Ananassa Duch.) in the mother plantation in a sand substrate. International Journal of Biosciences, vol.4, No.9, (260-265). | 3,6+ИФ (0.076) |
| 9. | A. Selamovska, E. Miskoska-Milevska, V. Dimovska, O. Najdenovska. (2014). The variability of fruit characteristics of traditional pear karamanka in different ecological conditions. Bulgarian Journal of Agricultural science, 20, No.4, (856-859). | 3,6+ИФ (0.136) |
| 10. | S. Kratovalieva, A. Selamovska, S. Petrovic, M. Dimitrijevic. (2014). Survey of seed germination at pear landraces. Bulgarian Journal of agricultural science, 20, No.3, (656-660). | 3,6+ИФ (0.136) |
| | **Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | R. Blagojević, Z. Nikolić, A. Mitić, K. Nikolić, A. Selamovska. (2010). Pomološka proučavanja nekih klonova Oblačinske višnje. Agroznanje, vol. 11, br.4, (71-75). | 2,4 |
| 12. | A. Selamovska, K. Nikolić, Z. Nikolić. (2010). Kvalitet živića kod nekih sorti jagoda i mogućnost letnje sadnje svežih živića. Voćarstvo, 44, 169-170, 65-70, (67-78) | 3,2 |
| 13. | A. Selamovska, K. Nikolic, Z. Nikolic. (2011). Influence of some factors on rooting and planting of strawberry fresh rosettes. Soil and plant, vol. 60, No.1, (1-6). | 4,8 |
| 14. | S. Kratovalieva, G. Popsimonova, A. De Vliegher, A. Selamovska, Ts. Mihovsky, M. Vlahova, L. Carlier. (2012). HNV farming systems in Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, vol. 15, 6, (1415-1429). | 2,4 |
| 15. | O. Najdenovska, A. Selamovska, S. Djordjevic, E. Miskoska-Milevska, M. Stojanova, I. Iljovski, Z. Arsov. (2012). The influence of microbiological fertilizer on the generative potential and yield of strawberry. Soil and plant, vol. 61, No.3, (139-146). | 3,6 |
| 16. | E. Miskoska-Milevska, O. Najdenovska, A. Selamovska, Z. Popovski, S. Djordjevic. (2012). The effect of microbiological fertilizer-Slavol on strawberry leaf area and stomatal number. Soil and plant, vol. 61, No.3, (147-158). | 3,6 |
| 17. | M. Kamberi, A. Selamovska, K. Nikolic. (2012). Influence of rosettes quality on yield potential, yield and fruit mass of rooted and unrooted fresh strawberry rosettes. Soil and plant, vol. 61, No.3, (159-165). | 4,8 |
| 18. | A. Selamovska, O. Najdenovska. (2012). Influence of the substrate and time for pikiring on rooting and quality of strawberry rosettes. Soil and plant, vol. 61, No. 1, (33-39). | 5,4 |
| 19. | M. Kamberi, A. Selamovska. (2012). Influence of some factors on strawberry yield in the first year after planting of the pikirred rosettes. Soil and plant, vol. 61, No. 1, (41-46). | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 20. | A. Selamovska, E. Miskoska-Milevska, O. Najdenovska. (2013). Genetic resources of traditional pear varieties in the region of Skopje. Contributions, Macedonian Academy of sciences and arts, 34, 1-2, (93-100). | 4,8 |
| 21. | S. Kratovalieva, M. Srbinoska, D. Petkovski, A. Selamovska. (2013). Variability of traits at lucerne local populations. Soil and plant, vol. 62, No.3, (137-146). | 3,6 |
| 22. | A. Selamovska, E. Miskoska-Milevska, O. Najdenovska. (2013). Variability of fruit characteristics of traditional cultivar “Erebasma” pear in different ecological conditions in Macedonia. Soil and plant, vol. 62, No.3, (147-156). | 4,8 |
| 23. | Selamovska A., Miskoska-Milevska E., Najdenovska O., Dimovska D. (2014). Traditional pear varieties in the west region of Republic of Macedonia. Acta Agriculturae Serbica, vol. XIX, No. 37, (47-60). | 3,6 |
| 24. | A. Selamovska, E. Miskoska-Milevska, O. Najdenovska, I. Canev.( 2015). Fruit characteristics of some traditional pear varieties in the Prespa region. Acta Agriculturae Serbica, vol. XX,. No. 40, (107-115). | 3,6 |
| | **Трудови со оригинални научно/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научни собири** | |
| 25. | A. Selamovska, O. Najdenovska. (2010). The influence of the runner ordering of the plants on their quality, rooting and yield of strawberries. Зборник матице српске за природне науке, 119, (55-60). | 2,7 |
| 26. | K. Nikolic, A. Selamovska, A. Gudzic, Z. Nikolic. (2011). The number and harmfulness of the leaf miner Leucoptera malifoliella Costa in the apple plantations of Southern Serbia. Procceedings of the Fourth International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, vol.1, (164-168). | 1,8 |
| 27. | A. Selamovska, K. Nikolic, Z. Nikolic. (2011). Effects of rosets quality and planting date on rooting of fresh strawberry rosets. Procceedings of the Fourth | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, vol.1, (169-172). | |
| 28. | Z. Nikolic, R. Blagojevic, A. Mitic, K. Nikolic, A. Selamovska. (2011). The pomological properties at clones of oblacinska sour cherry in Porecje region. Proceedings of the Fourth International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, vol.1, (246-249). | 1,8 |
| 29. | А. Марковски, А. Селамовска. (2012). Карактеристики на цветовите и интензитет на цветање кај сорти и типови кинеска урма (Ziziphus jujuba Mill.). Годишен зборник на земјоделскиот институт, Скопје, XXVIII/XXIX, (138-146). | 1,8 |
| 30. | К. Николиќ, А. Селамовска, З. Николиќ, М. Стојановиќ. (2012). Утицај пропратне фауне и природних непријатеља јабукиног смотавца на смањење квалитета јабуке. Zbornik radova petog megjunarodnog kongresa "Ekologija, zdravlje, rad, sport", (182-186).........The influence of accompauning fauna and codling moth natural enemies on apple quality decrease) | 1,8 |
| 31. | А. Селамовска, К. Николиќ. (2012). Традиционалне сорте крушака у Републици Македонији. Zbornik radova petog megjunarodnog kongresa "Ekologija, zdravlje, rad, sport",(374-378)....(Traditional pear varieties in Republic of Macedonia.) | 2,7 |
| 32. | А. Селамовска, Љ. Каракашова, З. Николиќ. (2012). Winter autochtonous pear varieties in Macedonia. Zbornik radova petog megjunarodnog kongresa "Ekologija, zdravlje, rad, sport", (379-384). | 2,4 |
| 33. | А. Селамовска, К. Николиќ, З. Николиќ, К. Селамовска. (2013). Утицај суше на пољопривредну производњу у Републици Македонији. Zbornik radova petog megjunarodnog kongresa "Ekologija, zdravlje, rad, sport", 1, (401-405) | 1,8 |
| 34. | К. Николиќ, А. Селамовска, З. Николиќ. (2013). Утицај еколошких регулатора динамике популације штеточина јабуке. Zbornik radova petog megjunarodnog kongresa "Ekologija, zdravlje, rad, sport", 2, (130-134). | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 35. | Z. Nikolic, K. Nikolic, A. Selamovska, S. Stankovic. (2013). Micropropagation of some strawberry sorts. Proceedings of the Fourth International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, vol. 1, (151-154). | 1,8 |
| 36. | Z. Nikolić, K. Nikolić, S. Janković, A. Selamovska, A. Krstić. (2015). The micropropagation of the strawberry cultivar "cortina". Proceedings of the Fifth International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, vol. 1, (73-77). | 1,8 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 37. | Постер: K. Nikolic, A. Selamovska, A. Gudzic, Z. Nikolic. The number and harmfulness of the leaf miner Leucoptera malifoliella Costa in the apple plantations of Southern Serbia. Third International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, 2011, Lozenec, Bulgaria | 0,5 |
| 38. | Постер: A. Selamovska, K. Nikolic, Z. Nikolic. Effects of rosets quality and planting date on rooting of fresh strawberry rosets. Third International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, 2011, Lozenec, Bulgaria | 0,5 |
| 39. | Постер: Z. Nikolic, R. Blagojevic, A. Mitic, K. Nikolic, A. Selamovska. The pomological properties at clones of oblacinska sour cherry in Porecje region. Third International Conference,Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, 2011, Lozenec, Bulgaria | 0,5 |
| 40. | Усна презентација: Учество на научен собир: К. Николиќ, А. Селамовска, З. Николиќ, М. Стојановиќ. Утицај пропратне фауне и природних непријатеља јабукиног смотавца на смањење квалитета јабуке. Petti megjunarodni kongres "Ekologija, zdravlje, rad, sport", 2012, Banja Luka. | 1 |
| 41. | Усна презентација: А. Селамовска, К. Николиќ. Традиционалне сорте крушака у Републици Македонији. Petti megjunarodni kongres "Ekologija, zdravlje, rad, sport", 2012, Banja Luka. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 42. | Усна презентација: А. Селамовска, Љ. Каракашова, З. Николиќ. Winter autochtonous pear varieties in Macedonia. Petti megjunarodni kongres “Ekologija, zdravlje, rad, sport”, 2012, Banja Luka | 1 |
| 43. | Усна презентација: А. Селамовска, К. Николиќ, З. Николиќ, К. Селамовска. Утицај суше на пољопривредну производњу у Републици Македонији. Petti megjunarodni kongres “Ekologija, zdravlje, rad, sport”, 2012, Banja Luka | 1 |
| 44. | Усна презентација: К. Николиќ, А. Селамовска, З. Николиќ. Утицај еколошких регулатора динамике популације штеточина јабуке. Petti megjunarodni kongres “Ekologija, zdravlje, rad, sport”, 2012, Banja Luka | 1 |
| 45. | Постер: Z. Nikolic, K. Nikolic, A. Selamovska, S. Stankovic. Micropropagation of some strawberry sorts. Fourth International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, 2013, Lozenec, Bulgaria | 0,5 |
| 46. | Постер: Z. Nikolić, K. Nikolić, S. Janković, A. Selamovska, A. Krstić. The micropropagation of the strawberry cultivar “cortina”. Fifth International Conference, Research people and actual tasks on multidisciplinary sciences, 2015, Lozenec, Bulgaria. | 0,5 |
| 47. | Усна презентација: A. Selamovska, S. Kratovalieva, G. Popsimonova. Some traditional summer pear varieties in the Republic of Macedonia. SeedNet project realization. SEEDnet the way ahead, Cropsustain workshop, 2014, Ljubljana | 1 |
| 48. | Усна презентација: S. Kratovalieva, G. Popsimonova, S. Ivanovska, R. Agic, A. Selamovska. 2014. Sustainable use of PGRFA in Republic of Macedonia after SeedNet project realization. SEEDnet the way ahead, Cropsustain workshop, 2014, Ljubljana. | 1 |
| 49. | Постер: А. Селамовска. Проучување на автохтониот генофонд круши во Република Македонија. Технома 2013, Октомври, Скопје | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 50. | Постер: А. Селамовска, С. Кратовалиева. Традиционални сорти круши во Република Македонија. Технома 2014, 15-18 октомври, Скопје | 0,5 |
| 51. | Постер: О. Најденовска, А. Селамовска, Е. Мискоска-Милевска. Микроорганизми - биофертилизатори во органското земјоделско производство. Технома 2015, 13-17 октомври, Скопје | 0,5 |
| | | |
| | **Вкупно** | **130,964** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија: Селамовска А. (2013). Традиционални сорти круши во Република Македонија. Алфа 94. Skopje | 8 |
| 2. | Монографија објавена во странство: A. Selamovska. 2013. Differentiation and development of strawberry mixed flower buds. Lambert Academy Publishing, Saarbrucken, Germany | 12 |
| 3. | Стручна книга: A. Selamovska. 2014. Strawberry: Cultivation, antioxidant properties and helth benefits. Factors of high yield. NOVA publisher Inc., Nathan Malone, New York, 121-188 | 8 |
| 4. | Експертски активности: Стручна контрола на материјал за размножување и саден материјал од овошни расатенија, 2011 , 2012, 2013, 2014, 2015 | 5 |
| 5. | Акредитација на лабораториски методи | 1 |
| 6. | Член на оценувачка комисија за државни натпревари, Народна техника (за средни училишта) 2014 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Член на оценувачка комисија за државни натпревари, Народна техника (за средни училишта) 2015 | 1 |
| 8. | Член на оценувачка комисија за државни натпревари, Народна техника (за основни училишта) 2015 | 1 |
| 9. | Член на Рецензентска комисија за избор-преизбор во звање (д-р Виктор Ѓамовски) | 0,2 |
| 10. | Член на Рецензентска комисија за избор-преизбор во звање (д-р Мелпомена Поповска) | 0,2 |
| 11. | Изготвување на научен/образовен национален проект-соработник: Еколошко производство на јагоди преку примена на микробиолошко ѓубриво, МЗШВ, 2012-2013, бр. 08-2593/1 | 0,5 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 12. | Основач на Здружението на иноватори ,,Михајло Пупин", Скопје | 2 |
| 13. | Член на Здружението на иноватори ,,Михајло Пупин", Скопје | 1 |
| 14. | Член на Prunus working group IBPGR, ECPGR | 2 |
| 15. | Член на Инфо Агри нет | 1 |
| 16. | Член во Државна комисија за потсекторска постојана група за овошје (ППГО) при МЗШВ | 1 |
| 17. | Член во Државна комисија за автохтони сорти (МЗШВ) | 1 |
| 18. | Член во Државна комисија за описна листа на препорачани сорти за овошни растенија и винова лоза (МЗШВ) | 1 |
| 19. | Учество на Технома, Скопје, 2013,2014,2015 | 3 |
| 20. | (бронзен медал, самостојно) Проучување на автохтониот генофонд круши во Република Македонија ( Технома, Скопје 2013) | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | (сребрен медал, во тим) Традиционални сорти круши во Република Македонија (Технома, Скопје 2014) | 2 |
| 22. | (сребрен медал, во тим) Микроорганизми - биофертилизатори во органското земјоделско производство (Технома, Скопје 2015) | 2 |
| 23. | (Предавач) Влијание на органската храна врз потрошувачите. Фестивал за органска храна, 4 октомври, 2014, Скопје | 0,5 |
| 24. | (Предавач, обучувач) Одредување на квалитет на земјоделски производи: специфични и пазарни стандарди за квалитет на свежо овошје и зеленчук наменети за консумација и минимални стандарди за квалитет на овошје и зеленчук наменети за преработка. Државна фитосанитарна лабораторија, 19.10.2015, Скопје | 0,5 |
| 25. | (Предавач, обучувач) Одредување на квалитет на земјоделски производи: специфични и пазарни стандарди за квалитет на свежо овошје и зеленчук наменети за консумација и минимални стандарди за квалитет на овошје и зеленчук наменети за преработка. Државна фитосанитарна лабораторија, 26.10.2015, Скопје | 0,5 |
| | **Вкупно** | **60,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **41,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **130,964** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **60,4** |
| **Вкупно** | **232,764** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Зоран Митрески, редовен професор, претседател, с.р.
2. Д-р Радмила Спировска, научен советник, член, с.р.
3. Проф. д-р Лазар Сиваков, редовен професор,член, с.р.